Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје
ул. „Тодор Александров“ бр.8, Гази Баба, 1000 Скопје

Врз основ на Решение од Комисијата за хартии од вредност бр. ..... од .....година и Одлука бр. 0201-41/3/6 од 23.09.2026 година на Собранието на акционери на ТЕ-ТО АД Скопје за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда, ТЕ-ТО АД Скопје

О Б Ј А В У В А

П Р О С П Е К Т

за продажба - отуѓување на сопствени акции по пат на јавна понуда

“Комисијата за хартии од вредност не одговара за вистинитоста и потполноста на податоците наведени во Проспектот за запишување и уплата на хартии од вредност, ниту за способноста на издавачот на хартиите од вредност да ги исполни обврските од хартиите од вредност кои ги издава.”

С О Д Р Ж И Н А

1. ОДГОВОРНИ ЛИЦА 3

2. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ 6

3. ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ 6

4. ФАКТОРИ НА РИЗИК 7

5. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ 12

6. ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД 16

7. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА 20

8. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА 20

9. ПРЕГЛЕД НА ОПЕРАТИВНОТО И ФИНАСИСКОТО РАБОТЕЊЕ 22

10. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА 27

11. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ, ПАТЕНТИ И ЛИЦЕНЦИ 30

12. ТРЕНДОВИ 31

13. ПРОГНОЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ 32

14. ОРГАНИ НА ИЗДАВАЧОТ 32

17 ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СТРАНИ 50

18 ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ 52

19 ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ 57

20 ДОГОВОРИ ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧОТ 60

21 ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА И ИЗВЕШТАИ ОД ЕКСПЕРТИ И ИЗЈАВА ЗА БИЛО КАКОВ ИНТЕРЕС 61

22 УЧЕСТВО ВО ДРУГИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА 61

23 ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ 62

24 РОКОВИ И УСЛОВИ НА ПОНУДАТА 67

25 ПРИЕМ НА КОТАЦИЈА 75

26 ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТОТ 75

27 ДОКУМЕНТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ 75

1. ОДГОВОРНИ ЛИЦА/ PERSONA PËRGJEGJËS

1.1 Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот, вклучувајќи ги и лицата одговорни за изготвување на одредени делови од проспектот со назначување на делот за кој се одговорни. Во случај на физички лица вклучувајќи ги и лицата кои се членови на одборот на директори или управниот и надзорниот одбор на друштвото, потребно е да се наведе името и презимето и функцијата која ја вршат. Во случај на правни лица потребно е да се наведе називот и седиштетото на правното лице. / Të dhëna për personat të cilët janë përgjegjës për informatat e përmbajtura në Prospektin, përfshirë edhe personat përgjegjës për përpilimin e pjesëve të caktuara nga prospekti duke përcaktuar pjesën për të cilën janë përgjegjës. Në rast të personave fizik, përfshirë edhe personat të cilët janë anëtarë të bordit të drejtorëve ose të bordit drejtues dhe mbikëqyrës të shoqërisë, duhet të ceket emri dhe mbiemri dhe funksioni të cilin e ushtrojnë. Në rast të personave juridik duhet të ceket edhe emërtimi dhe selia e personit juridik.

Членови на Управниот одбор на ТЕ-ТО АД Скопје:

- Димитар Кочовски – Генерален директор и Претседател на Управен одбор
- Татиана Затсепина - Член на Управен одбор
- Говоров Артем - Член на Управен одбор
- Шнахов Вјачеслав - Член на Управен одбор

Членови на Надзорниот одбор на ТЕ-ТО АД Скопје:

- Вадим Владимирович Околухин - Претседател на Надзорен одбор
- Таулан Батчаев - Член на Надзорен одбор
- Викториа Хенкелманн - Независен член на Надзорен одбор

1.2 Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот (од членовите на управниот и надзорниот одбор односно одборот на директори, како и од лицата кои изготвиле одредени делови на проспектот - соодветно на делот кој го изготвиле) со следната содржина: / Deklaratë nga personat përgjegjës për përpilimin e Prospektit (nga anëtarët e bordit drejtues dhe mbikëqyrës, respektivisht bordit të drejtorëve, si dhe nga personat të cilët kanë përpiluar pjesë të caktuara të prospektit – në mënyrë përkatëse me pjesën të cilën e kanë përpiluar) me përmbajtjen në vijim:

“Според нашите уверувања и сознанија и согласно со податоците со кои располагаме, под морална, материјална и кривична одговорност изјавуваме дека во Проспектот се содржани сите податоци кои му се потребни на инвеститорот да донесе правилна одлука за инвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на оваа понуда, дека објавените податоци се вистинити и се во согласност со фактичката состојба на друштвото и дека не се испуштени било какви податоци кои би можеле да имаат влијание на одлуката за инвестирање или неинвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на понудата”. /

“Sipas bindjeve dhe njohurive tona dhe në përputhje me të dhënat me të cilat disponojmë, nën përgjegjësi morale, materiale dhe penale deklarojmë se në Prospektin janë të përmbajtura të gjitha të dhënat të cilat i nevojiten investitorit për të sjellur vendim të drejtë për investim në letrat me vlerë të cilat janë lëndë e kësaj oferte, se të dhënat e publikuara janë të vërteta dhe janë në përputhje me gjendjen faktike të shoqërisë dhe se nuk është bërë lëshim i çfarëdo të dhënave që mund të ndikojnë në vendimin për investim ose mosinvestim në letrat me vlerë të cilat janë lëndë e ofertës”.

Членови на Управниот одбор на ТЕ-ТО АД Скопје:

Димитар Кочовски – Генерален директор и Претседател на Управен одбор

Dimitar Kochovski
Digitally signed by Dimitar Kochovski
Date: 2026.09.25 12:03:29 GMT

Шнахов Вјачеслав - Член на Управен одбор

Viacheslav Krimovich Shnakhov
Digitally signed by Viacheslav Krimovich Shnakhov
Date: 2026.09.25 12:07:03 GMT

Говоров Артем - Член на Управен одбор

Artem Anatolevich Govorov
Digitally signed by Artem Anatolevich Govorov
Date: 2026.09.25 12:09:05 GMT

Татиана Затсепина - Член на Управен одбор

Tatiana Zatsepina
Digitally signed by Tatiana Zatsepina
Date: 2026.09.25 12:55:35 GMT

Членови на Надзорниот одбор на ТЕ-ТО АД Скопје:

Вадим Владимирович Околухин - Претседател на Надзорен одбор

Vadim Okolukhin

Digitally signed by Vadim Okolukhin
Date: 2026.09.25 13:13:22 GMT

Виктория Хенкелманн - Независен член на Надзорен одбор

Таулан Батчаев- Член на Надзорен одбор

2. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ/ TË DHËNA PËR PJESËMARRËSIN E AUTORIZUAR NË TREGUN E LETRAVE ME VLERË I CILI E KA PËRPILUAR PROSPEKTIN

2.1 Називот и седиштетото на брокерската куќа, овластената банка или подружницата на странска брокерска куќа, која го изготвила проспектот во име и за сметка на издавачот. /Emërtimi dhe selia e shtëpisë së brokerimit, bankës së autorizuar ose filialës së shtëpisë së huaj të brokerimit, e cila e ka përpiluar prospektin në emër dhe për llogari të emetuesit.

Овој проспект не е изготвен од страна на брокерска куќа, овластена банка или подружница на странска брокерска куќа.
ТЕ-ТО АД Скопје не е овластен учесник на пазарот за хартии од вредност и овој Проспект го изготвува самостојно во својство на издавач.
Седиште на издавачот:
Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, ул. “Тодор Александров“ бр.8, Гази Баба, 1000 Скопје.

3. ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ / TË DHËNA PËR REVIZORËT

3.1 Називот и седиштетото на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на друштвото во последните три години; /_Emërtimi dhe selia e shoqërive për revizion të cilët kanë kryer revizion të raporteve financiare të shoqërisë në tre vitet e fundit;

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Даме Груев 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија ја врши ревизијата на финансиските извештаи за 2023, 2024 и 2025 година.

3.2 Податоци за причините поради кои дошло до промена на друштвото за ревизија во текот на последните три години (друштвото не е повторно избрано, се откажало или е отповикано од страна на друштвото односно дошло до раскинување на договорот за вршење на ревизија било од едната или од другата страна) доколку тие причини би можеле да имаат материјално значење. / Të dhëna për arsyet për shkak të së cilave ka ardhur deri te ndryshimi i shoqërisë për revizion gjatë tre viteve të fundit (shoqëria nuk është rizgjedhur, ka hequr dorë ose është revokuar nga ana e shoqërisë, ose ka ardhur deri te shkëputja e marrëveshjes për kryerje të revizionit, qoftë nga njëra anë ose tjetra), përderisa ato arsye mund të kanë rëndësi materiale.

Во текот на последните три години нема промена на друштвото за ревизија.

4. ФАКТОРИ НА РИЗИК / FAKTORË TË REZIKUT

Во овој дел се обелоденуваат факторите на ризик од вложувањето кои се прикажуваат во одделни точки групирани во две групи (1) фактори на ризик поврзани со издавачот и индустриската гранка на која и припаѓа и (2) фактори на ризик поврзани со хартиите од вредност. Наведените фактори на ризик од вложувањето мораат да бидат упадливи, концизни и логично организирани. Секој фактор на ризик треба да има посебен наслов и соодветно објаснување. Ризикот мора да е наведен во насловот на одделниот ризик. Секој фактор на ризик опфаќа само еден ризик. / Në këtë pjesë shpalosen faktorët e rrezikut nga investimi të cilët paraqiten në pika të caktuara të grupuara në dy grupe (1) të faktorëve të rrezikut të lidhura ne emetuesin dhe degën industriale të cilës i takojnë dhe (2) faktorë të rrezikut të lidhur me letrat me vlerë. Faktorët e cekur të rrezikut nga investimi duhet të jenë të dukshëm, konciz dhe të organizuar logjikisht. Çdo faktor i rrezikut duhet të ketë titull të veçantë dhe sqrim përkatës. Rreziku duhet të jetë i cekur në titullin e rrezikut të veçuar. Çdo faktor rreziku përfshin vetëm një rrezik.

Секој потенцијален инвеститор при донесувањето на одлуката за вложувањето во акциите на ТЕ-ТО АД Скопје, би требало да ги земе во предвид сите фактори на ризик кои се претставени во Проспектот, но исто така инвеститорот е упатуван и на сопствена оценка на финансиската ситуација на ТЕ-ТО АД Скопје, како и на сите останати фактори и информации кои можат да влијаат на цената на акциите.

4.1 Податоци за факторите на ризик специфични за издавачот и за индустриската гранка на која и припаѓа./ Të dhëna për faktorët e rrezikut që janë specifik për emetuesin dhe për degën industriale së cilës i takon.

Во своето работење друштвото ТЕ-ТО АД Скопје е изложено на различни видови на ризици, кои се неизбежна последица на вршењето на деловните активности.

Најважни видови ризици на кои е изложено друштвото во своето работење:

- кредитен ризик
- ликвидносен ризик
- пазарен ризик (вклучувајќи валутен ризик, ценовен ризик и каматен ризик)
- оперативен ризик

4.2 Податоци за фактори на ризик кои се од материјално значење за хартиите од вредност кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие хартии од вредност./Të dhëna për faktorë të rrezikut të cilët janë me rëndësi materiale për letrat me vlerë që janë lëndë e ofertës me qëllim që të vlerësohet rreziku i tregut lidhur me ato letra me vlerë.

Кредитен ризик

Друштвото ТЕ-ТО АД Скопје е изложено на кредитен ризик, кој претставува ризик од настанување финансиски загуби како резултат на неможноста на купувачите или деловните партнери навремено и во целост да ги исполнат своите финансиски обврски во договорениот износ и/или договорените рокови.
Кредитниот ризик на кој е изложено друштвото произлегува главно од побарувањата од купувачи, како и од изложеноста кон финансиски институции преку депозити, готовина и парични еквиваленти.
Максималната изложеност на кредитен ризик е претставена со нето-сметководствената вредност на побарувањата од купувачи и другите побарувања. Во последните години, концентрацијата на кредитниот ризик е поврзана првенствено со побарувањата по основ на дадени аванси, а во врска со набавка на гас, како и со побарувањата од продадена електрична енергија која во најголем дел не е обезбедена со банкарски гаранции заради ограниченият пазар на електрична енергија во РСМ.
Во рамки на програмата за управување со ризици, друштвото континуирано спроведува активности насочени кон следење, управување и минимизирање на кредитниот ризик.

Подетални информации за кредитниот ризик се достапни во точка 17.2. Кредитен ризик од Ревидираните консолидирани финансиски извештаи на ТЕ-ТО АД Скопје за 2023 година (Прилог бр. 1), 2024 година (Прилог бр. 2) и 2025 година (Прилог бр. 3).

Ликвидносен ризик

Ликвидносниот ризик претставува ризик од настанување финансиски загуби доколку друштвото не е во можност навремено да обезбеди доволно парични средства за подмирување на своите доспеани обврски. Друштвото ваквиот ризик го надминува со континуирано планирање и обезбедување соодветно ниво на ликвидни средства.
Политика на работење на друштвото е секогаш е да одржува соодветен износ на парични средства и парични еквиваленти со цел редовно и навремено подмирување на своите обрски во иднина. Самиот процес на управување со ликвидносниот ризик вклучува проекција на паричните текови по рочност и валута и утврдување на потребниот износ на ликвидни средства, земајќи ги во предвид бизнис планот, динамиката на наплата на побарувањата и планираните одливи на парични средства. Со ваквиот пристап се намалува изложеноста на друштвото на потенцијалните негативни ефекти од непредвидливи настани, вклучително и природни катастрофи и политички турбуленции во регионот.
Сепак ликвидносниот ризик е секогаш голем и тежок за управување заради огромната променливост и неизвесност на пазарите на природен гас и електрична и топлинска енергија. Цените во краток период знаат да пораснат и до неколку стотици проценти.

Подетални информации за ликвидносниот ризик се достапни во точка 17.3. Ликвидносен ризик од Ревидираните консолидирани финансиски извештаи на ТЕ-ТО АД Скопје за 2023 година (Прилог бр. 1), 2024 година (Прилог бр. 2) и 2025 година (Прилог бр. 3).

Пазарен ризик

Пазарен ризик претставува ризик од негативно влијание врз приходите и вредноста на финансиските инструменти на друштвото како резултат на неповолни промени во пазарните цени, вклучително и девизните курсеви и каматните стапки. Целта на управувањето со пазарниот ризик е навремено идентификување, следење и контролирање на изложеноста во рамките на прифатливи нивоа, при истовремено оптимизирање на остварениот принос.
Пазарниот ризик ги опфаќа валутниот ризик, ценовниот ризик и каматниот ризик.

Валутен ризик

Валутен ризик претставува ризик од настанување загуби како резултат на неповолни промени во меѓувалутните курсеви и/или во вредноста на денарот во однос на странските валути.
Друштвото врши трансакции во странска валута и по тој основ е изложено на континуирани флуктуации на девизните курсеви. Валутниот ризик произлегува од финансиските средства и финансиските обврски деноминирани во валута различна од функционалната и известувачката валута на друштвото. Истиот се следи и оценува преку примена на сензитивна анализа.

Ценовен ризик

Ценовен ризик претставува ризик од загуба како резултат на промени во пазарната вредност на капиталот, кои можат да имаат влијание врз фер вредноста на вложувањата во акции и останатите финансиски инструменти чија вредност е поврзана со движењата на цените на капиталот или релевантните пазарни индекси. Примарната изложеност на друштвото на ценовен ризик произлегува од вложувањата во хартии од вредност и капитални удели.
Најголем ценовен ризик е ризикот од очекуваниот пад на производството и на финансискиот резултат од работата на компанијата заради воведувањето на ЦБАМ механизмот за одаточување на енергетските компании на пазарите на европската унија по основ на емисија на стаклени гасови. Оваа регулатива влезе во сила од 01.01.2026 година. Имајќи во предвид дека околу 80% од произведената електрична енергија од ТЕ-ТО АД се пласира на пазарите во ЕУ со посредство на трговските компании, овој данок драстично ќе го влоши обемот на производство и финансискиот резултат. Дополнително се очекува наскоро и Република Северна Македонија согласно своите меѓународни обврски да воведе данок за стаклени гасови за енергетските компании кои користат фосилни горива со што дополнително ќе се влошат условите и на внатрешниот пазар за производство на електрична енергија. Следствено е за очекување пад на вредноста на енергетските компании кои користат фосилни горива, вклучувајќи го и ТЕ-ТО АД Скопје.

Каматен ризик

Каматен ризик претставува ризик од можни неповолни промени во пазарните каматни стапки. Друштвото е изложено на каматен ризик особено во случаи кога користи кредити и позајмици или има пласирано финансиски средства кај други друштва или банки со договорени варијабилни каматни стапки. Ваквите флуктуации на каматните стапки можат да имаат влијание врз финансиските резултати и паричните текови на друштвото.

Подетални информации за пазарниот ризик вклучително и за валутниот ризик, ценовниот ризик и каматниот ризик се достапни во точка 17.1. Пазарен ризик од Ревидираните консолидирани финансиски извештаи на ТЕ-ТО АД Скопје за 2023 година (Прилог бр. 1), 2024 година (Прилог бр. 2) и 2025 година (Прилог бр. 3).

Податоци за фактори на ризик од материјално значење за акциите на Друштвото со цел проценка на пазарниот ризик поврзан со истите

Цената на акциите на друштвото зависи од движењата на пазарите на капитал и условите во енергетскиот сектор, кои се надвор од контрола на друштвото. Историските движења не претставуваат сигурен показател за идните перформанси и пазарна вредност на акциите.
Несистематскиот ризик е поврзан со спецификите на секоја хартија од вредност и може делумно да се намали или избегне преку диверзификација. Истиот нема директно влијание од движењата на пазарот на капитал.
Систематскиот ризик не може да се избегне и произлегува од макроекономски, регулаторни и пазарни фактори кои влијаат на целокупниот пазар и енергетскиот сектор, а со тоа и на пазарната вредност на акциите на друштвото. Во овој контекст спаѓаат економски кризи, промени во регулативата, политичка нестабилност и други надворешни настани.

Ликвидносен ризик

Ликвидноста на хартиите од вредност на друштвото е под директно влијание на понудата и побарувачката за таа хартија од вредност на пазарот на капитал, а индиректно и под влијание на други фактори како што се општите пазарни услови, интересот на инвеститорите и регулаторната рамка.
Во одредени пазарни услови, особено при зголемена волатилност или ограничувања во тргувањето, може да се појави намалена или воопшто да нема можност за купопродажба на акциите.
Во услови на назмалена ликвидност, продажбата на акциите може да се реализира по цени пониски од иницијалната инвестиција, при што ликвидносниот ризик е генерално помал кога разликата помеѓу куповната и продажната цена е пониска.

Пазарен ризик

Пазарниот ризик произлегува од флуктуациите на понудата и побарувачката на пазарот на капитал, перцепцијата на инвеститорите, условите во енергетскиот сектор, како и од макроекономски и политички фактори кои можат да влијаат врз пазарната вредност на акциите на друштвото.

Валутен ризик

Валутниот ризик претставува ризик од финансиски загуби како резултат на промени во девизните курсеви и во вредноста на денарот во однос на странските валути.

Ризик на каматни стапки

Ризикот на каматни стапки произлегува од ризикот, вредноста на хартиите од вредност да се промени со промена на каматните стапки, кои можат да имаат влијание врз обврските и пласираните средства на друштвото, како и врз вредноста на неговите инвестиции.

Регулаторен ризик

Регулаторниот ризик се однесува на можните промени на профитниот потенцијал на инвестицијата како резултат на измени во законската и подзаконската регулатива поврзана со енергетскиот сектор и пазарот на капитал. Особено значајни правни ризици во работењето на друштвото се токму регулаторните ризици, при што досегашното искуство покажа дека профитот на друштвото може сериозно да биде намален како резултат на одлуки донесени од државните институции. Имено, поради одлуки на државните институции и Регулаторната комисија за енергетика, друштвото досега претрпе огромни финансиски штети во висина од над 50 милиони евра. Државните институции со дискрециони одлуки можат да наметнат обврска за принудно производство на електрична енергија во корист на државата по непазарно ниски цени. Дополнително, Регулаторната комисија за енергетика со дискрециони одлуки ја одредува цената на топлинската енергија за ТЕ-ТО АД, без притоа да ги има предвид трошоците и останатите услови во кои е произведена топлинската енергија.

Репутациски ризик

Репутацискиот ризик претставува ризик од нарушување на угледот на друштвото, што може да има негативно влијание врз довербата на инвеститорите, деловните партнери и корисниците на услугите, а со тоа и индиректно врз финансиските резултати и пазарната вредност на акциите.

5. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ/ TË DHËNA PËR EMETUESIN

5.1 Податоци за историјата и развојот на издавачот;/ Të dhëna për historikun dhe zhvillimin e emetuesit;

ТЕ-ТО АД Скопје е акционерско друштво основано во 2004 година од страна на домашни и странски инвеститори, со основна дејност когенеративно производство на електрична и топлинска енергија во комбиниран циклус. По добивањето на соодветните дозволи и лиценца за производство на електрична и топлинска енергија на 24 февруари 2012 година, друштвото започна со комерцијално работење.
Друштвото располага со сопствена постројка за производство, при што инсталираниот капацитет на истата изнесува приближно 220 MW за производство на електрична енергија и 160 MW за производство на топлинска енергија.
ТЕ-ТО АД Скопје функционира како независен производител на енергија (Independent Power Producer – IPP), со активна продажба на електрична енергија на домашниот пазар, во регионот и на меѓународните пазари. Произведената топлинска енергија се испорачува во градскиот топлински дистрибутивен систем.
Во своето работење, Друштвото применува современи и енергетски ефикасни технолошки решенија со посебен акцент на заштита на животната средина. Како дополнителна еколошка предност, во процесот на ладење на водата се користи хибридна ладилна кула, што овозможува намалена потрошувачка на вода и редуцирана појава на магла како резултат на испарување на разладната вода.
Визијата на ТЕ-ТО АД Скопје е да остане сигурен, доверлив, конкурентен и еколошки прифатлив производител на електрична и топлинска енергија, кој професионално и флексибилно се прилагодува на пазарните услови и на растечките барања за одржлив развој. Континуираното унапредување на квалитетот на работењето, енергетската ефикасност и професионалните капацитети на вработените претставуваат клучен приоритет на Друштвото.
Мисијата на Друштвото е да обезбеди стабилно и квалитетно снабдување со електрична и топлинска енергија произведена во високо ефикасна и еколошки прифатлива постројка, со што се придонесува кон одржлив развој и стабилен енергетски систем. Посветеноста на ефикасност, задоволството на клиентите, акционерите и деловните партнери претставува основа за долгорочниот деловен успех на друштвото.
Во рамки на своите деловни активности, ТЕ-ТО АД Скопје континуирано ја проширува мрежата на трговски партнери, која опфаќа околу триесет компании, вклучително и водечки европски субјекти за трговија со електрична енергија. Друштвото применува различни пазарни инструменти, од долгорочни договори до краткорочни и intra day трансакции, како и активно учество на пазарот на системски услуги.
Во јануари 2025 година, ТЕ-ТО АД Скопје успешно го воведе и сертифицираше Системот за управување со безбедност на информации согласно стандардот ISO 27001:2022, со што се унапредија интерните процеси, заштитата на податоците и корпоративното управување.

5.1.1 полн назив, фирма и седиште на издавачот (адреса и телефонски број);/ emërtimi i plotë, firma dhe selia e emetuesit (adresa dhe numri i telefonit);

Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, со седиште на ул. „Тодор Александров“ бр.8, Гази Баба, 1000 Скопје, Р.Северна Македонија,тел: +38923203800, e-mail: te-to@te-to.com.mk

5.1.2 датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото;/ data e regjistrimit në regjistrin tregtar dhe numri amë i shoqërisë;

Датумот на регистрстрација во трговскиот регистар е 21.12.2004 година.
ЕМБС на ТЕ-ТО АД Скопје е 5950686

5.1.3 датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано за неопределено време;/ data e themelimit të shoqërisë dhe koha për të cilën është themeluar shoqëria, përveç kur është themeluar për kohë të pacaktuar;

Датумот на основање на ТЕ-ТО АД Скопје е 21.12.2004 година.

5.1.4 правна форма на друштвото и законите врз основа на кои работи;/ forma juridike e shoqërisë dhe ligjet në bazë të së cilave punon;

ТЕ-ТО АД Скопје е акционерско друштво. Работењето на ТЕ-ТО АД Скопје е регулирано првенствено со Законот за енергетика како основен секторски закон за производство на електрична и топлинска енергија, кој ги уредува лиценцирањето, пазарното учество и обврските кон регулаторните органи, како и со Законот за трговски друштва кој ја уредува неговата корпоративна структура и управување и со Законот за хартии од вредност, како акционерско друштво. Дополнително, друштвото е предмет на обврски согласно законите за заштита на животната средина и индустриски емисии, кои го регулираат влијанието врз животната средина и контролата на емисиите. Друштвото е предмет на обврски и согласно финансиската регулатива за сметководство и ревизија, со што се обезбедува усогласено, транспарентно и контролирано работење во енергетскиот и корпоративниот сектор.

5.1.5 значајни настани во деловниот развој на издавачот./ ngjarje të rëndësishme në zhvillimin afarist të emetuesit.

ТЕ-ТО АД Скопје е акционерско друштво основано во 2004 година од страна на домашни и странски инвеститори, со јасна цел да развие постројка за когенеративно производство на електрична и топлинска енергија во комбиниран циклус. Овој концепт овозможува повисока ефикасност и подобрена искористеност на енергијата, во споредба со класичните енергетски постројки.

По извршените подготовки, финалната техничка инспекција на постројката за овластување за производство е успешно спроведена во мај 2011 год. Ова ја означува транзицијата од фаза на изградба кон оперативно работење.

На 24 февруари 2012 година, друштвото добива лиценцата за производство на електрична и топлинска енергија и официјално започнува со комерцијално производство. Од тој момент, ТЕ-ТО АД Скопје целосно започнува со своите деловни активности како независен производител на енергија, снабдувајќи го енергетскиот пазар во Република Северна Македонија, регионот и пошироко.

Постројката на ТЕ-ТО АД Скопје е дизајнирана како когенеративна термоелектрана-топлана со комбиниран циклус, со природен гас како основно погонско гориво, што значително ја намалува емисијата на штетни гасови и ја зголемува енергетската ефикасност.

Средно-годишниот инсталиран капацитет на постројката изнесува приближно 220 MW за електрична енергија и 160 MW за топлинска енергија. Дополнително, применетите технологии за намалување на емисиите - вклучително 72 нискоемисиони горилници за азотни оксиди и системи за мониторинг на емисии - овозможуваат значително пониски емисии на NOx и CO, додека употребата на природен гас практично ја елиминира емисијата на сулфурни оксиди и честички PM10. Сепак за жал, постројката заради користење на природниот гас како фосилно гориво емитира во големи количини стаклени гасови, пред се CO2, и од 01.01.2026 е предмет на одаочување на пазарите во ЕУ. Цените на овој данок достигнуваат до ниво еднакво на производната цена на електричната енергија на постројката, па со двојно зголемена производна цена постројката е неконкурентна на ЕУ пазарите.

Во текот на оперативните години, друштвото активно ја развива својата трговска мрежа, со околу триесет трговски компании како партнери, вклучително и неколку водечки европски трговци со електрична енергија. ТЕ-ТО АД Скопје применува разновидни пазарни механизми, вклучително долгорочни договори, краткорочни и intra day трансакции, како и активно учество на пазарот на системски услуги.

Како дел од својата еколошка и корпоративна одговорност, друштвото воведе хибридна ладилна кула во процесот на ладење на водата, што значително ја намалува потрошувачката на вода и појавата на магла, во споредба со традиционалните влажни разладни кули.

Во номеври 2023 година, ТЕ-ТО АД Скопје воведе Интегрираност Менаџмент Систем (ИМС) кој ги опфати следните меѓународни стандарди за кои поседува Сертификати од Quality Austria: ISO 9001:2015, ISO 14001:2015 и ISO 45001:2015.

Во јануари 2025 година, друштвото го воведе и сертифицираше Системот за управување со безбедност на информации согласно меѓународниот стандард ISO 27001:2022, што го зајакна корпоративното управување, безбедноста на информациите и довербата на деловните партнери и инвеститорите.

Покрај техничките и деловни достигнувања, ТЕ-ТО АД Скопје континуирано работи на еколошките аспекти на своето работење, вклучително и активности за намалување на потрошувачката на пластика и примена на одржливи практики, што ја потврдува посветеноста на друштвото кон заштита на животната средина и одржлив развој.

Истовремено, во текот на своето работење Друштвото се соочи и со значајни финансиски предизвици, чие успешно надминување претставува важен сегмент од неговиот развој.
Поради неликвидност и блокирана банкарска сметка, во април 2018 година Друштвото поднесе предлог до Основниот суд Скопје II Скопје за спроведување постапка за реорганизација пред отварање на стечајна постапка. Со Решение на Основен суд Скопје II Скопје број 3 СТ 124/18 и 160/18 од 14.06.2018 година беше одобрен План за реорганизација на Друштвото. Планот за реорганизација предвидуваше целосна исплата на долговите кон обезбедените доверители (банките) и отпис во висина од 90% на долговите кон останатите доверители на ТЕ-ТО АД Скопје. Од страна на судот беше назначено лице – стечаен управник кое вршеше надзор над спроведувањето на планот и за истото го известуваше судот. Бидејќи Друштвото ги отплати долговите кон доверителите утврдени со Планот за реорганизација, на ден 03.06.2026 година Основниот граѓански суд Скопје донесе решение со кое го укина надзорот и контролата од стечајниот управник врз спроведувањето на Планот за реорганизација.

5.2 Инвестиции/ Investime

5.2.1 Опис и износ на значајните инвестиции на издавачот за последните три финансиски години;/ Përshkrimi dhe shuma e investimeve të rëndësishme të emetuesit në tre vitet e fundit financiare;

Во последните години ТЕ-ТО АД Скопје спроведува активности насочени кон модернизација на производната опрема, подобрување на енергетската ефикасност, зголемување на сигурноста на системите и унапредување на вкупната оперативна стабилност на термоелектраната.
Во текот на 2023 година, инвестицискиот фокус беше насочен кон модернизација и автоматизација на системите и зголемување на производната моќност. Вкупните вложувања беа на износ од 55.675 илјади денари. Инсталиран и ставен во употреба е нов систем за вбризгување на водена прашина во влезот за воздух на гасната турбина (Power Augmentation - Meefog), кој овозможува ладење на воздухот и зголемување на излезната моќност на турбината во летни услови. Паралелно е воспоставен и систем за континуиран надзор на парцијални празнења на генераторот, што овозможува рано детектирање на потенцијални дефекти и подобрено превентивно одржување.
Беа инсталирани и ставени во функција фотоволтаични панели на кровот од структурата на парната турбина, со што електраната започна сопствено производство на електрична енергија од обновливи извори.
Сите овие активности беа насочени кон зголемување на расположливоста и доверливоста на опремата и кон намалување на процентот на непланирана недостапност на термоелектраната.
Во 2024 година инвестициските активности продолжија со фокус на континуирана модернизација и техничка стабилизација на постројката. Реализирани беа инвестициски вложувања за проширување односно зголемување на производната моќ на електраната, подобрување на енергетската ефикасност и на квалитетот на производствениот процес.

Инвестициските активности во 2024 година беа на вкупен износ од околу 305.722 илјади денари, при што најзначаен дел се однесува на аванси за набавка на опрема во износ од 247.673 илјади денари. Овие аванси се за инвестиционо одржување, односно генералните ремонти на парната и гасната турбина и генераторите кои се реализираат во периодот 2025/2026 година.
Во 2025 година реализирани се и инвестиции во модернизација на системите за управување на парната турбина и на ДЦС системот за управување на електраната. Исто така инвестирано е во надградба на управувачката зграда со што се добиени дополнителни 200 м2 канцелариски простор како и во мала кровна фотоволтаична централа од 100 kW. Инвестициските активности во 2025 година беа на вкупен износ од околу 252.385 илјади денари.

5.2.2 Опис на значајните инвестиции на издавачот кои се во тек, вклучувајќи и податок за географската локација на инвестициите (дома или во странство) како и податок за начинот на финансирање на истите (внатрешни или надворешни извори на средства);/ Përshkrimi i investimeve të rëndësishme të emetuesit të cilat janë në rrjedhë e sipër, përfshirë edhe të dhënë për vendndodhjen gjeografike të investimeve (në vend dhe jashtë vendit) si dhe të dhënë për mënyrën e financimit të së njëjtave (burime të brendshme ose të jashtme të aseteve)

Во моментот, ТЕ-ТО АД Скопје нема значајни инвестициски проекти во тек кои по својот обем и финансиска вредност би претставувале капитални инвестиции од стратешко значење. Во тек се само генералните ремонти на гасната турбина и парната турбина и соодветните генератори кои претставуваат инвестиционо одржување.

5.2.3 Податоци за идните инвестиции на издавачот за кои неговиот менаџмент веќе има преземено обврски./ Të dhëna për investimet e ardhshme të emetuesit për të cilat menaxhmenti i tij tashmë ka ndërmarr detyrime.

Во однос на идните инвестиции, заклучно со датумот на подготовка на овој Проспект, ТЕ-ТО АД Скопје нема преземени обврски од страна на менаџментот за реализација на значајни инвестициски проекти. Друштвото во моментот нема склучени договори, одобрени капитални програми или други формални ангажмани кои би создале обврска за идни крупни вложувања. Заради очекуваниот намален обем на производство и финансиски резултати, не се очекуваат нови инвестиции, туку ќе се вложува само во одржување.

6. ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД/ PASQYRA AFARISTE

6.1 Основни дејности/ Veprimtaritë bazë

6.1.1 Опис и клучни фактори во врска со природата на активностите на издавачот и неговите основни дејности, како и податоци за основните категории на производи и услуги кои се продадени за последните три

финансиски години;/Përshkrim dhe faktorë kryesorë në lidhje me natyrën e aktiviteteve të emetuesit dhe veprimtaritë bazë të tij, si dhe të dhëna për kategoritë bazë të produkteve dhe shërbimeve të cilat janë shitur për tre vitet e fundit financiare;

Предмет на работење на ТЕ-ТО АД Скопје е производство на електрична енергија и производство на толинска енергија.
ТЕ-ТО АД Скопје е когенеративна термоелектрана-топлана со комбиниран циклус за производство на електрична енергија и топлина.
Комбинираниот циклус подразбира производство на електрична енергија во гасна турбина во отворен циклус и искористување на отпадната топлина од издувните гасови на гасната турбина која се користи за погонување на парната турбина која генерира дополнителна електрична енергија во затворен циклус. Во процесот на работењето друштвото ги врши следните активности: производство на електрична и топлинска енергија, продажба на топлинска енергија и трговија со електрична енергија.
Активностите за кои е потребно претходно одобрение од надлежните државни или други органи, друштвото ги врши по добивање на таквото одобрение.
Активностите кои ги врши друштвото во Националната класификација на дејности се означени под шифра Производство на електрична енергија од необновливи извори 35.110.

6.1.2 Податоци за воведувањето на некој нов значаен производ или услуга и во рамките на она што е јавно објавено за развојот на новиот производ или услуга, податок за фазата на развој; / Të dhëna për inkuadrimin e ndonjë produkti ose shërbimi të ri të rëndësishëm dhe në kuadër të asaj çfarë është publikisht e publikuar për zhvillimin e produktit ose shërbimit të ri, e dhënë për fazën e zhvillimit;

ТЕ-ТО АД Скопје нема воведен нов производ услуга надвор од својата основна дејност – производство на електрична и топлинска енергија, меѓутоа реализира проширување на опсегот на своите активности на енергетскиот пазар во рамките на производството на електрична енергија. Друштвото врши обезбедување системски услуги за електроенергетскиот систем, вклучително и терциерна, а подоцна и секундарна регулација. Особено значаен развој претставува активното учество на друштвото на организираниот ден-однапред пазар на електрична енергија од мај 2023 година, со што се вклучи во нов пазарен механизам за тргување и дополнително ја зајакна својата позиција на енергетскиот пазар.

6.2 <u>Пазари на кои издавачот работи/ Tregje në të cilat emetuesi punon</u>

Опис на пазарот на кој издавачот работи, вклучувајќи пресек на остварените приходи по категорија на активности и географската локација на истите (оставрени на домашен или странски пазар за последните три финансиски години;/ Përshkrim i tregut në të cilin emetuesi punon, përfshirë prerje të të ardhurave

të realizuara sipas kategorive të aktiviteteve dhe vendndodhjes gjeografike të së njëjtave (të realizuara në treg vendor ose të huaj për tre vitet e fundit financiare);

ТЕ-ТО АД Скопје акционерско друштво со седиште во Република Северна Македонија и своите активности ги извршува во согласност со македонските закони.
ТЕ-ТО АД Скопје е независен производител на енергија (IPP) кој ги снабдува со електрична енергија меѓународните пазари и пазарот во Република Северна Македонија, како и пазарот на топлинска енергија во градот Скопје.

Во 2023 година, друштвото оствари вкупни оперативни приходи од работењето во износ од 12.639.153 илјади денари, со следнава структура:
- Приходи од продажба на електрична енергија: 11.647.779 илјади денари
- Приходи од продажба на топлинска енергија: 986.154 илјади денари
- Останати приходи: 5.220 илјади денари

Во 2024 година, друштвото оствари вкупни оперативни приходи од работењето во износ од 9.516.954 илјади денари, со следнава структура:
- Приходи од продажба на електрична енергија: 8.612.803 илјади денари
- Приходи од продажба на топлинска енергија: 767.716 илјади денари
- Останати приходи: 136.435 илјади денари

Во 2025 година, друштвото оствари вкупни оперативни приходи од работењето во износ од 9.786.704 илјади денари, со следнава структура:
- Приходи од продажба на електрична енергија: 8.861.567 илјади денари
- Приходи од продажба на топлинска енергија: 771.628 илјади денари
- Останати приходи: 153.509 илјади денари

6.3 Доколку на дадените податоци од точка 6.1. и 6.2. влијание имале некои невообичаени фактори, да се наведат./ Nëse në të dhënat që janë dhënë nga pika 6.1. dhe 6.2. kanë pasur ndikim faktorë të caktuar të jozakonshëm, të ceken.

Во периодот на енергетската криза 2022 и 2023 година, со одлука на Влада ТЕ-ТО беше задолжен да испорачува електрична енергија до државната компанија ЕСМ по значително пониски цени од пазарните, но и пониски од производната цена на постројката. Во истиот период РКЕ одреди цена на топлинска енергија за 70% пониска од пазарната односно од цената на топлинската енергија произведена во топланите. Кумулативната штета од ваквите одлуки на институциите за друштвото достигна над 50 милиони евра. Праксата за ограничување на цената на топлинската енергија значително под пазарната продолжува и понатаму, па друштвото од 2023 година испорачува топлина на единствениот монополски купувач Дистрибуција на топлина ЕСМ по цени околу 30% пониски од пазарните.

6.4 Збирен приказ на степенот на зависност од патенти, лиценци и индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки, доколку истите се од суштинско значење за работата и профитабилноста на издавачот./ Pasqyrë përmbledhëse e shkallës së varësisë nga patenta, licenca dhe marrëveshje industriale, komerciale ose financiare ose procedura të reja të prodhimit, përderisa të njëjtat janë me rëndësi jetike për punën dhe fitimprurjen e emetuesit.

Работењето на ТЕ-ТО АД Скопје е структурно и суштински зависно од регулаторната рамка, при што лиценците и дозволите претставуваат клучен предуслов за вршење на основната дејност. Друштвото не може да оперира без валидни лиценци за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија, трговија со електрична енергија и природен гас, како и без интегрирана еколошка дозвола, што укажува на висок степен на регулаторна зависност која е карактеристична за енергетскиот сектор. Секоја промена во регулаторните услови, продолжување или одземање на лиценца или дозвола би имала директно и материјално влијание врз континуитетот на работењето.
Во однос на индустриските и комерцијалните договори, друштвото покажува висок степен на оперативна зависност, особено од договорите и пазарните механизми поврзани со набавка на природен гас како примарен енергенс, како и од аранжманите за продажба на електрична и топлинска енергија.
Од аспект на патенти и индустриска сопственост, друштвото нема значајна или критична зависност од сопствени технолошки патенти како носечки фактор за производството. Нематеријалните средства главно се поврзани со софтвер, оперативни лиценци и права, а не со ексклузивни технолошки решенија без кои процесот би бил невозможен.
Во однос на новите производни постапки, промените се манифестираат претежно преку унапредување на оперативните процеси, усогласување со меѓународни стандарди за квалитет, безбедност и заштита на животната средина, како и преку оптимизација на пазарното учество, а не преку воведување на радикално нови технологии или патентирани процеси.

6.5 Доколку издавачот наведува информации за конкурентската позиција на пазарот задолжително се наведува и основот за таквиот исказ на издавачот./ Nëse emetuesi ka cekur informata për pozitën konkurruese në tregun, në mënyrë obligative ceket edhe baza për deklaratën e tillë të emetuesit.

Во 2025 година ТЕ-ТО АД Скопје учествуваше со 17.5 % од вкупното производство на електрична енергија во Република Северна Македонија.

Пазарно учество на ТЕ-ТО АД Скопје со 31.12.2025 година:

Производство на електрична енергија во 2025 (по компании):		
Произведувач	**Произведена енергија (GWh)**	**Удел во вкупното производство (%)**
ЕСМ (државен производител)	3,243.07	52.97%
ТЕ-ТО АД Скопје	**1,071.66**	**17.50%**
ЕВН Електрани	152.90	2.50%

Други (мали ХЕЦ, ФЕЦ Биогас, ВЕЦ, Биомаса)	1,654.82	27.03%

*Извор: Годишен извештај на Регулаторната комисија за енергетика на РСМ за 2025 година

7. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА/ STRUKTURA ORGANIZATIVE

7.1 Доколку издавачот е дел од група (посложен деловен систем), краток опис на позицијата на издавачот во таа група;/ Nëse emetuesi është pjesë e një grupi (sistem më i ndërlikuar afarist), përshkrim i shkurtë i pozitës së emetuesit në atë grupë;

ТЕ-ТО АД Скопје е акционерско друштво и е независен производител на електрична и топлинска енергија. Друштвото е дел од група заедно со неговата фирма ќерка ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје, која е основана на 02.03.2012 година. ТЕ-ТО АД Скопје е единствен сопственик на ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје.

7.2 Податоци за друштвата во кои издавачот има мнозинско учество (назив, земја во која се основани или работат, процентот на сопственост и ако е различен и процентот на гласачката моќ);/ Të dhëna për shoqëritë në të cilat emetuesi ka pjesëmarrje shumicë (emërtimi, vendi në të cilin janë themelues ose punojnë, përqindja e pronësisë dhe nëse është ndryshe, edhe përqindjen e fuqisë votuese);

Друштво за производство, промет и услуги ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје е друштво со ограничена одговорност, основано 15.03.2012 година, регистрирано на адреса ул.515, Гази Баба,Скопје. ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје е зависно друштво, при што ТЕ-ТО АД Скопје е 100% сопственик и има целосно учество во истото. ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје е класифицирано како микро бизнис и имаше лиценца за снабдување/трговија со природен гас која истече на 06.11.2025 год, а служеше како оперативна единица за активности поврзани со трговија со гас. Истото нема активност последните години.

8. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА/ PATUNDSHMËRI, IMPIANTE DHE PAJISJE

8.1 Податоци во врска со постојни или планирани значајни материјални (фиксни) средства, вклучувајќи и изнајмени средства како и податок за некои позначајни реални обврски (оптоварувања) на средствата на издавачот (хипотеки, залог и сл.). / Të dhëna në lidhje me asete (fikse) ekzistuese ose të planifikuara të rëndësishme materiale, përfshirë edhe asete të marra me qira si dhe e dhënë për disa detyrime (ngarkime) më të rëndësishme reale të aseteve të emetuesit (hipoteka, pengje, etj).

ТЕ-ТО АД Скопје располага со материјални (фиксни) средства кои се сочинети од земјиште кое ТЕ-ТО АД го владее врз основа на договор за закуп, градежни објекти, постројки и опрема, како и останати материјални средства неопходни за вршење на енергетската дејност. Најголем дел од нето сегашната вредност се однесува на

постројките и опремата како носечки производствени капацитети, проследени со градежните објекти и земјиштето.

Во текот на 2025 година беа реализирани дополнителни набавки и вложувања во постојните средства, насочени кон одржување, унапредување и техничка подготвеност на производната инфраструктура. Истовремено, евидентирани се и аванси за набавка на материјални средства, што укажува на тековни активности за редовно инвестиционо одржување на опремата заради одржување на функционалноста на постројката. Нема значајни вложувања во нови основни средства.

2023	Земјишта	Градежни објекти	Постројки и опрема	Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства	Биолошки средства	Останати материјални средства	Материјални средства во подготовка	Аванси за набавка на материјални средства	Вкупно
Набавна вредност									
Состојба на 1.1.	29,940	790,953	10,683,775	16,535	-	-	174,769	-	11,695,973
Набавки во текот на годината	3,769	-	38,849	8,195	-	-	3,157	-	53,970
Отуѓување/Расходување	-	-	(603)	(593)	-	-	-	-	(1,196)
Состојба на 31.12.	**33,709**	**790,953**	**10,722,021**	**24,137**	**-**	**-**	**177,926**	**-**	**11,748,746**
Исправка на вредноста									
Состојба на 1.1.		(219,676)	(2,151,184)	(10,687)	-	-			(2,381,547)
Депрецијација за тековна година		(20,372)	(470,620)	(192)	-	-			(491,184)
Отуѓување/Расходување		-	603	593	-	-			1,196
Состојба на 31.12.		**(240,048)**	**(2,621,201)**	**(10,286)**	**-**	**-**			**(2,871,534)**
Сегашна вредност 31.12.	**33,709**	**550,906**	**8,100,820**	**13,851**	**-**	**-**	**177,926**	**-**	**8,877,212**

2024	Земјишта	Градежни објекти	Постројки и опрема	Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства	Биолошки средства	Останати материјални средства	Материјални средства во подготовка	Аванси за набавка на материјални средства	Вкупно
Набавна вредност									
Состојба на 1.1.	33,709	790,953	10,722,021	24,137	-	-	177,926	-	11,748,746
Набавки во текот на годината	1,589	-	6,122	1,912	-	-	48,425	247,673	305,721
Отуѓување/Расходување	-	-	(585)	(151)	-	-	-	-	(736)
Рекласификација		25,144					(25,144)		-
Состојба на 31.12.	**35,298**	**816,097**	**10,727,558**	**25,897**	**-**	**-**	**201,208**	**247,673**	**12,053,732**
Исправка на вредноста									
Состојба на 1.1.		(240,048)	(2,621,201)	(10,286)	-	-			(2,871,534)
Депрецијација за тековна година		(20,323)	(412,354)	(2,577)	-	-			(435,254)
Отуѓување/Расходување		-	582	151	-	-			733
Состојба на 31.12.		**(260,370)**	**(3,032,973)**	**(12,712)**	**-**	**-**			**(3,306,054)**
Сегашна вредност 31.12.	**35,298**	**555,727**	**7,694,585**	**13,186**	**-**	**-**	**201,208**	**247,673**	**8,747,677**

2025	Земјишта	Градежни објекти	Постројки и опрема	Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства	Биолошки средства	Останати материјални средства	Материјални средства во подготовка	Аванси за набавка на материјални средства	Вкупно
Набавна вредност									
Состојба на 1.1.	35,298	816,097	10,727,558	25,897	-	-	201,208	247,673	12,053,732
Набавки во текот на годината	-	2,780	9,844	2,596	-	-	215,705	21,460	252,385
Отуѓување/Расходување	-	(103)	(1,541)	(1,914)	-	-	-	-	(3,558)
Рекласификација			183,884	(4,229)			(179,656)		-
Состојба на 31.12.	**35,298**	**818,774**	**10,919,745**	**22,351**	**-**	**-**	**237,257**	**269,134**	**12,302,559**
Исправка на вредноста									
Состојба на 1.1.		(260,370)	(3,032,973)	(12,712)	-	-			(3,306,054)
Депрецијација за тековна година		(16,786)	(401,012)	(2,999)	-	-			(420,797)
Отуѓување/Расходување		103	2,722	771	-	-			3,596
Состојба на 31.12.		**(277,053)**	**(3,431,263)**	**(14,939)**	**-**	**-**			**(3,723,255)**
Сегашна вредност 31.12.	**35,298**	**541,721**	**7,488,482**	**7,411**	**-**	**-**	**237,257**	**269,134**	**8,579,304**

Согласно последната независна проценка, вредноста на недвижниот имот (земјиште и објекти) изнесува околу 640.278 илјади денари, додека проценетата вредност на постројките и опремата изнесува приближно 8.723.311 илјади денари. Дополнително, во рамки на редовното финансиско известување во 2025 година е извршена проценка на

надоместливата вредност на недвижностите, постројките и опремата, при што е утврдено дека нивната сегашна сметководствена вредност е целосно надоместлива и не постои потреба од исправка на вредноста, што укажува на одржлива економска корист од постојните фиксни средства.

8.2 Опис на било кои фактори на окружувањето кои би можеле да имаат влијание на располгањето на издавачот со материјалните средства (на пример ако со закон се регулирани условите за употреба на оддредена опрема која може негативно да влијае на опкружувањето). / Përshkrim i cilëdo faktorëve të mjedisit që mund të ndikojnë në dispozicionin e emetuesit me asete materiale (për shembull nëse me ligj janë të rregulluara kushtet për përdorimin e një pajisjeje të caktuar e cila mundet negativisht të ndikojë në mjedisin).

Располагањето и користењето на материјалните средства на ТЕ-ТО АД Скопје е под директно влијание на енергетската, еколошката и техничката регулаторна рамка, како и од условите утврдени со добиените лиценци за производство на електрична и топлинска енергија. Овие лиценци пропишуваат конкретни оперативни стандарди, капацитетни ограничувања, безбедносни барања и обврски за усогласеност, што директно го определуваат начинот на користење на постројките и опремата.

Дополнително, работењето на енергетските капацитети е условено од дозволите за заштита на животната средина и прописите за индустриски емисии, кои наметнуваат лимити на емисии, технички стандарди за опремата и потреба од редовни мониторинзи и модернизација на постројките со цел одржување на еколошка усогласеност. Идните климатски политики и јаглеродни механизми на ЕУ имаат потенцијал да воведат построги технички и економски услови за работење на енергетските постројки, што може да влијае врз начинот на користење на постојната опрема. Како што е веќе наведено погоре во текстот, новите европски политики во одаточувањето на постројките кои користат фосилни горива значително ќе ја ограничат работата на постројката.
Во сегментот на топлинската енергија, регулаторните модели на цени и пазарната структура индиректно влијаат врз економската оправданост на користење на одредени капацитети, што претставува дополнителен фактор на окружувањето кој може да влијае врз материјалните средства на друштвото.
Севкупно, материјалните средства во моментот се целосно функционални и усогласени со важечката регулатива, сепак нивното користење останува чувствително на регулаторни промени, еколошки стандарди и пазарни политики во енергетскиот сектор.

9. ПРЕГЛЕД НА ОПЕРАТИВНОТО И ФИНАСИСКОТО РАБОТЕЊЕ / PASQYRË E PUNËS OPERATIVE DHE FINANCIARE

9.1 Финансиска состојба/ Gjendja financiare

Анализа на финансиското работење на издавачот - опис на финансиската состојба, промените во финансиската состојба и резултатите од работењето за секоја година вклучувајќи ги и причините за значајните промени во финансиските податоци од година во година до ниво кое ќе овозможи запознавање со работењето на издавачот во целина;/ Analiza e punës financiare të emetuesit – përshkrim i gjendjes financiare, ndryshimet në gjendjen financiare dhe rezultatet nga

puna për çdo vit, përfshirë edhe arsyet për ndryshime të rëndësishme në të dhënat financiare nga viti në vit në një nivel i cili do mundësojë njohje me punën e emetuesit në tërësi;

Во анализираниот период 2023 - 2025 година, ТЕ-ТО АД Скопје од ризично работење во услови на енергетска криза преминува во стабилизирано и профитабилно работење, со значително подобрена ликвидност и финансиска структура.

Вкупната актива на друштвото е доминантно составена од материјални средства - постројки и опрема, без значајни намалувања на вредноста, што укажува на стабилна производна база и отсуство на обезвреднувања. Во исто време, тековните средства бележат раст во 2024 година и 2025 година, пред сè преку зголемување на паричните средства и побарувањата, што укажува на оперативен прилив на готовина и зајакната ликвидносна позиција.

На страната на обврските, најзначајната структурна промена се случува во 2024 година преку практично елиминирање на банкарското задолжување, како долгорочно така и краткорочно. Во 2024 година оперативните парични текови овозможуваат целосна отплата на обврските по кредити. Истовремено, сопствениот капитал значително се зголемува преку акумулација на добивка, што резултира со посилна капитална основа и пониска финансиска изложеност.

Во однос на резултатите од работењето, приходите од продажба се највисоки во 2023 година – 12.633.988 илјади денари и бележат намалување и стагнација во текот на анализираниот период – 9.497.444 илјади денари во 2024 година и 9.777.313 илјади денари во 2025 година. Овој пад на приходите не произлегува од намален обем на активност, туку од стабилизирање и нормализирање на пазарните цени на електричната енергија во 2024 година, по периодот на екстремни цени за време на енергетската криза. Сепак, во услови на енергетска криза во 2022/2023 година друштвото постигна скромни резултати во поглед на добивката при огромни приходи и беше лишено од можноста да постигне значително повисоки добивки што беше случај со другите енергетски компании на пазарите.

Во новиот закон за енергетика од 2025 година и покрај интервенциите и забелешките на друштвото, овие дискрециони можности на државните институции за наметнување непазарни цени врз енергетските компании останаа во сила.

Консолидиран Биланс на Успех/Консолидиран Извештај за Сеопфатна Добивка	2023	2024	2025
	МКД '000	МКД '000	МКД '000
Приходи од продажба	12.633.988	9.497.444	9.777.313
Останати приходи од работењето	3.039	19.491	621
Приходи од работењето	**12.637.027**	**9.516.935**	**9.777.933**
Трошоци за суровини и други материјали	10.079.953	6.759.144	7.904.138
Набавна вредност на продадени стоки	1.160.708	136.588	291.373
Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови	0	0	0
Услуги со карактер на материјални трошоци	277.997	202.427	201.982
Останати трошоци од работењето	33.600	24.100	41.057
Трошоци за вработени	146.657	155.903	181.870
Амортизација на материјални и нематеријални средства	491.457	435.686	422.537
Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства	80.310	822	0
Резервирања за трошоци и ризици	0	0	0
Останати расходи од работењето	35.812	1.696	5.532
Расходи од работењето	**12.306.493**	**7.716.366**	**9.048.488**
Приходи од финансирање	2.143	19	8.771
Расходи од финансирање	88.249	8.514	6.075
Удел во добивка на придружно друштво	0	0	0
Удел во загуба на придружно друштво	0	0	0
Добивка/(Загуба) од редовно работење	**244.428**	**1.792.073**	**732.141**
Нето добивка од прекинато работење	0	0	0
Нето загуба од прекинато работење	0	0	0
Добивка/(Загуба) пред оданочување	**244.428**	**1.792.073**	**732.141**
Данок на добивка	-45.750	-186.910	-82.565
Нето добивка/загуба	**198.678**	**1.605.163**	**649.576**
Добивка/загуба за периодот	198.678	1.605.163	649.576
Останата сеопфатна добивка			
Добивка за годината	**198.678**	**1.605.163**	**649.576**
Нето останата сеопфатна добивка	0	0	0
Нето останата сеопфатна загуба	0	0	0
Вкупна сеопфатна добивка за годината	**198.678**	**1.605.163**	**649.576**

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА	2023	2024	2025
	МКД '000	МКД '000	МКД '000
СРЕДСТВА			
Нематеријални средства	1.461	1.029	597
Материјални средства	8.877.212	8.747.677	8.579.304
Вложувања во недвижности	0	0	0
Средства со право на користење	0	0	19.156
Долгорочни финансиски средства	0	0	0
Долгорочни побарувања	0	0	0
Одложени даночни средства	0	0	0
Долгорочни средства	**8.878.673**	**8.748.706**	**8.599.057**
Залихи	230.158	359.355	447.338
Нетековни средства кои се чуваат за продажба	0	0	0
Побарувања од поврзани друштва	0	0	14
Побарувања од купувачите	371.130	652.052	409.504
Побарувања од државата	50.921	0	96.858
Побарувања од вработените	0	0	0
Останати краткорочни побарувања	0	0	0
Краткорочни финансиски средства	14	33	0
Парични средства	731.176	1.801.980	2.547.136
Однапред платени трошоци	3.861	435	8.723
Тековни средства	**1.387.261**	**2.813.856**	**3.509.574**
ВКУПНО СРЕДСТВА	**10.265.935**	**11.562.562**	**12.108.631**
КАПИТАЛ И ОБВРСКИ			
Капитал на содружниците	1.537	1.537	1.537
Откупени сопствени акции	0	0	(555.000)
Резерви	184	40.184	52.484
Акумулирана добивка/(загуба)	8.238.002	8.396.680	9.989.543
Добивка/(загуба) за годината	198.678	1.605.163	649.576
Капитал и резерви	**8.438.402**	**10.043.565**	**10.138.141**
Долгорочни резервирања	0	0	0
Долгорочни обврски	1.431.553	972.634	18.472
Одложени даночни обврски	0	0	0
Долгорочни обврски	**1.431.553**	**972.634**	**18.472**
Обврски кон поврзани друштва	0	0	0
Обврски кон добавувачите	97.483	243.985	813.754
Обврски кон државата	76.425	275.462	210.351
Обврски кон вработените	0	0	0
Останати краткорочни обврски	0	0	2.212
Краткорочни финансиски обврски	222.071	0	925.702
Однапред пресметани обврски	0	26.915	0
Тековни обврски	**395.979**	**546.362**	**1.952.018**
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ	**10.265.935**	**11.562.562**	**12.108.631**

9.2 Резултати од работењето/ Rezultate nga puna

9.2.1 Информации за позначајните фактори, вклучувајќи ги невообичаени ретки настани и иновации, кои значајно влијаат на приходите на издавачот, со назначување на тоа до кој степен наведениот фактор влијаел на приходот на издавачот;/Informata për faktorët më të rëndësishëm, përfshirë ngjarjet e pazakonshme të rralla dhe inovacionet, të cilat dukshëm ndikojnë në të ardhurat e emetuesit, duke caktuar se deri në cilën shkallë faktori i cekur ka ndikuar në të ardhurat e emetuesit;

Приходите на ТЕ-ТО АД Скопје во 2025 година беа пред сè условени од пазарните цени на електричната енергија и природниот гас, како и од структурата и ликвидноста на пазарите на кои друштвото продава.
Намалувањето на цените доведе до зголемена конкуренција меѓу трговците и поголема диверзификација на продажбите, што позитивно влијаеше врз пласманот. Истовремено, ограничената ликвидност на домашниот пазар поради државни интервенции ја насочи компанијата кон зголемен извоз на електрична енергија, кој пак беше отежнат од ограничувањата на прекуграничните преносни капацитети, што негативно се одразуваше врз извозните цени.
Неможноста за обезбедување фиксна цена на природниот гас услови продажбата да се реализира месечно, дневно и intra day, при што дел од производството беше пласиран во режим ден-однапред, каде што ценовната маржа беше најповолна. Дополнителен позитивен ефект врз приходите имаше активното учество на дневниот пазар, оптимизацијата на производството преку купопродажба на електрична енергија и обезбедувањето системски услуги за МЕПСО (секундарна и терциерна регулација), додека приходите од топлинска енергија останаа под влијание на регулираните цени.

9.2.2 Во случај финансиските извештаи да прикажуваат значајни промени во нето продажбата односно приходите од продажба, потребно е да се опишат причините за тие промени;/ Në rast kur raportet financiare tregojnë ndryshime të rëndësishme në shitjen neto, respektivisht të ardhurat nga shitja, duhet të përshkruhen arsyet për ato ndryshime;

Во 2025 година друштвото бележи континуитет во намалените приходи од продажба на домашниот пазар, кое, во услови на приближно задржан обем на работа, се должи на падот на пазарните продажни цени на електричната енергија по периодот на исклучително високи цени, како резултат на стабилизирање на енергетските пазари.
И покрај ваквите пазарни движења на домашниот пазар, друштвото оствари подобрување на профитабилноста и зголемување на нето добивката во однос на претходните години, како последица на поволните комерцијални услови за работа, односно намалувањето на цените на природниот гас, и на поволната разлика меѓу продажните цени на електричната енергија и трошоците за набавка на основната суровина - природниот гас, како и поради зголемување на приходите од продажба на странските пазари.

9.2.3 Потребно е да се наведат информации за владини, економски, фискални и монетарни политики или други фактори кои значајно влијаеле, или би можеле значајно да влијаат, директно или индиректно, на работењето на издавачот./ Duhet të ceken informatat për politikat qeveritare, ekonomike, fiskale dhe monetare ose faktorë tjerë të cilët dukshëm kanë ndikuar, ose mund të ndikojnë dukshëm, drejtëpërdrejtë ose tërthorazi, në punën e emetuesit.

Работењето на друштвото е силно поврзано со енергетската регулатива и владините интервенции на пазарот на електрична енергија, особено преку ограничувањето на цените и продажбата на државниот производител кон дел од либерализираниот пазар, што ја намалува ликвидноста на домашниот пазар и го зголемува значењето на извозот (со ризик од ограничени прекугранични капацитети). Истовремено, функционирањето на организираниот пазар „ден-однапред“ и учеството на берзата ја зголемуваат изложеноста на пазарна волатилност, но овозможуваат и оптимизација на приходите во поволни ценовни периоди.

Од мај 2025 година донесен е нов Закон за енергетика кој воспоставува усогласена рамка со европските пазарни правила, со што се очекува понатамошна либерализација и интеграција на енергетскиот пазар, зголемена транспарентност и промени во обврските и условите за учество на пазарот. За жал забелешките на друштвото кон законските решенија кои овозможуваат дискрециono наметнување на продажни цени на електрична и топлинска енергија на независните енергетски производители не наидоа на разбирање. Ваквите одредби генерираат големи ризици во работењето на слободниот пазар за друштвото.

Од друга страна, усвоените, од јануари 2026 година, климатски и јаглеродни политики на Европската Унија преку механизмот CBAM за електрична енергија, се очекува драстично да влијаат врз намалување на пазарните можности за друштвото бидејќи досега најголем дел од производството на електрична енергија завршување на пазарите во ЕУ. Дополнително се очекува и Република Северна Македонија да воведе одаточување на компаниите кои користат фосилни горива по основ на емисии на CO2. Сето ова ќе доведе до намалување на обемот на производство, зголемување на трошоците, со краен резултат влошување на финансискиот резултат

Во сегментот на топлинската енергија, пазарот функционира во услови на практичен монопол на дистрибутерот ЕСМ Дистрибуција на топлина, при што цената по која дистрибутерот може да набавува топлина е индиректно ограничена преку тарифните одлуки на Регулаторната комисија за енергетика. Овој механизам ја ограничува ценовната флексибилност на нерегулираните производители, вклучително и ТЕ-ТО АД Скопје и го намалува потенцијалот за пазарно формирање на приходите од топлинска енергија. Поради тоа, друштвото преку институционални канали иницираше измени во новиот закон за енергетика со цел пазарно формирање на цените на топлината, но измените не беа прифатени.

Финално и монетарните услови и каматните стапки претставуваат фактор што може да влијае врз финансиските трошоци при задолжување.

10. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА/ BURIME TË ASETEVE

10.1 Информација за изворите на средства на издавачот (вклучувајќи ги и долгорочните и краткорочните)./ Informatë për burimet e aseteve të emetuesit (përfshirë edhe ato afatgjate dhe afatshkurte).

Финансиската структура на друштвото, се темели на комбинација од долгорочни и краткорочни извори на средства, како и на значително самофинансирање преку оперативното работење.
Долгорочните извори на средства се обезбедуваат првенствено преку финансирање од поврзани друштва, кое ги опфаќа заемите и кредитите во земјата и странство, како и долгорочните обврски по основ на набавка на добра и услуги со одложено плаќање. Покрај тоа, друштвото историски користи и долгорочно банкарско финансирање преку кредити од домашни и странски банки, кои тековно се отплатени, како и трговско финансирање преку долгорочни обврски кон добавувачи во земјата и странство за набавка на стоки и услуги.
На 31 декември 2025 година, вкупното краткорочно финансирање на друштвото изнесува 925.702 илјади денари. Најзначаен дел од краткорочната финансиска структура се заеми од поврзани друштва во странство во износ од 786.140 илјади денари.
Краткорочните извори на средства во значителна мера произлегуваат од трговско финансирање преку обврски кон добавувачи во земјата и странство за набавка на стоки и услуги, како и преку примени аванси, депозити и кауции. На 31 декември 2025 година овие обврски изнесуваат 813.754 илјади денари, што обезбедува тековна ликвидност за работењето на друштвото и укажува дека значителен дел од тековните активности се финансира преку одложени плаќања кон добавувачите.
Во рамки на финансиските активности историски се користат и краткорочни банкарски кредити, како и кредити од поврзани друштва, како дополнителен ликвидносен инструмент. На 31 декември 2025 година друштвото нема краткорочни обврски по основ на кредити.

Вкупно земено, изворите на средства на друштвото се диверзифицирани и структурирани преку комбинација на долгорочно и краткорочно финансирање, краткорочни обврски и самофинансирање од оперативната дејност, преку генерирање на сопствени средства од оперативното работење.

10.2 Објаснување на готовинските текови на издавачот и нивните износи./ Sqarim i fluksve të parave të thata të emetuesit dhe shumat e tyre.

Во текот на 2025 година, друштвото оствари позитивни готовински текови од оперативните активности, кои претставуваат значаен извор на ликвидност од основното работење. Нето паричните текови од оперативни активности изнесуваат 1.547.424 илјади денари.
Остварените оперативни текови се резултат пред сè на високата оперативна добивка, како и на ефектите од управувањето со обртниот капитал.
Во рамки на инвестиционите активности, друштвото реализира нето одлив на парични средства во износ од 821.845 илјади денари, кој произлегува од вложувања во недвижности, материјални и нематеријални средства 252.385 илјади денари и од откупени сопствени акции во износ од 555.000 илјади денари. Притоа се евидентирани приливи од продажба на средства и примени камати. Овие движења укажуваат на континуирано инвестирање во одржување и унапредување на производните капацитети и инфраструктурата на друштвото.

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ	2023	2024	2025
	МКД '000	МКД '000	МКД '000
А. Парични текови од оперативни активности			
Нето добивка/(загуба) пред оданочување	244.428	1.792.073	732.141
Депрецијација/амортизација	491.457	435.686	422.537
Вредносно усогласување на побарувања	80.310	822	0
Отпис на побарувања/обврски	0	-19.425	0
Добивка од продажба на ОС	0	0	-103
Загуба од расходување или продажба на ОС	5	2	1.162
Приходи/расходи за камати, нето	84.593	1.277	-2.058
Оперативна добивка пред промени во обртниот капитал	**900.793**	**2.210.435**	**1.153.678**
Промена на залихи	-83.289	-129.197	-87.983
Промена на побарувања од поврзани друштва	0	0	47
Промена на побарувања од купувачи	1.698.674	-281.744	242.487
Промена на краткорочни финансиски средства	-14	-19	33
Промена на АВР	-3.861	3.426	-8.288
Промена на обврски кон поврзани друштва	9.327	0	0
Промена на обврски кон добавувачи	-180.890	165.927	522.836
Промена на обврски кон државата	-372.244	78.267	47.132
Промена на останати краткорочни обврски	0	0	1.107
Промена на ПВР	0	26.915	-26.915
Парични средства од работењето	1.968.497	2.074.009	1.844.134
Платени камати	-84.610	-1.296	-5.044
Платен данок на добивка	-33.344	-15.219	-291.666
Нето парични текови од оперативни активности	**1.850.543**	**2.057.495**	**1.547.424**
Б. Парични текови од инвестициони активности			
Купување на недвижности, материјални и нематеријални средства	-55.675	-305.722	-252.385
Зголемување на средства со право на користење (лизинг)	0	0	-20.630
Продажба на недвижности, материјални и нематеријални средства	-5	1	-931
Примени камати	17	19	7.102
Откупени сопствени акции	0	0	-555.000
В. Нето парични текови од инвестициони активности	**-55.663**	**-305.701**	**-821.845**
Прилив/(одлив) по основ на долгорочни кредити	-1.097.357	-458.919	0
Прилив/(одлив) по основ на краткорочни кредити	0	-222.071	0
Зголемување/(намалување) на обврски по лизинг	0	0	19.577
Нето парични текови од финансиски активности	**-1.097.357**	**-680.990**	**19.577**
Нето зголемување/(намалување) на паричните средства	697.524	1.070.803	745.156
Парични средства на почеток на годината	33.653	731.176	1.801.980
Парични средства на крај на годината	**731.176**	**1.801.980**	**2.547.136**

10.3 Информација за условите под кои издавачот се задолжува, како и за структурата на изворите на финансирање./ Informatë për kushtet nën të cilat emetuesi ngarkohet me borxh, si dhe për strukturën e burimeve të financimit.

Задолжувањето на ТЕ-ТО АД Скопје се реализира преку комбинација на долгорочно финансирање од поврзани друштва, трговско финансирање преку обврски кон добавувачи и претходно користено банкарско кредитирање. Долгорочните заеми и кредити од поврзани друштва претставуваат доминантен извор на финансирање, што укажува на значајна интерна финансиска поддршка од поврзаните лица.
Во текот на 2024 година друштвото изврши целосна отплата на преостанатите долгорочни банкарски кредити, кои беа договорени во странска валута со варијабилни каматни стапки поврзани со ЕУРИБОР и референтни каматни индекси со маржа. Со ова, се елиминираше долгорочното банкарско задолжување и се намали изложеноста на каматен ризик.
Краткорочните извори на финансирање се обезбедуваат претежно преку трговско финансирање, односно обврски кон добавувачи и примени аванси, депозити и кауции.

Во текот на 2024 година беше реализирана целосна отплата на краткорочните кредитни обврски, согласно на што друштвото не е изложено на краткорочно банкарско задолжување.
Покрај надворешните извори, финансирањето на работењето во значителна мера се потпира на внатрешно генерирани парични текови од оперативни активности.
Севкупно, структурата на изворите на финансирање се карактеризира со доминација на долгорочно финансирање од поврзани друштва, значајно трговско финансирање преку добавувачи и поддршка од оперативното работење, при истовремено целосно раздолжување од банкарските кредити во текот на 2024 година.
Во текот на 2025 година ТЕ-ТО АД самостојно се финансираше од тековното оперативно работење.

10.4 Информација за какви било ограничувања во поглед на употребата на изворите на финансирање кои значајно влијаеле, или би можеле значајно да влијаат, директно или индиректно, на работењето на издавачот./ Informatë për çfarëdo kufizime në aspekt të përdorimit të burimeve të financimit të cilat dukshëm kanë ndikuar, ose mund të ndikojnë dukshëm, drejtëpërdrejtë ose tërthorazi, në punën e emetuesit.

Во однос на употребата на изворите на финансирање, ТЕ-ТО АД Скопје не е предмет на формални договорни ограничувања кои би го спречувале користењето на расположливите финансиски средства за редовното работење.

10.5 Информација за очекуваните извори на средства потребни за финансирање на планираните инвестиции наведени во точките 5.2.3 и 8.1/ Informatë për burimet e pritura të aseteve të nevojshme për financimin e investimeve të planifikuara të cekura në pikat 5.2.3 dhe 8.1.

Друштвото планира финансиските средства да бидат обезбедени првенствено од сопствените парични средства генерирани од оперативното работење.

11. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ, ПАТЕНТИ И ЛИЦЕНЦИ/ HULUMTIMI DHE ZHVILLIMI, PATENTAT DHE LICENCAT

Податоци за политиката на издавачот за истражување и развој на нови производи, услуги и постапки, вклучувајќи и податоци за патенти, лиценци и концесии, за последните три финансиски години и средствата кои се потрошени за истражувачки и развојни активности, доколку тие податоци се значајни. / Të dhëna për politikën e emetuesit për hulumtim dhe zhvillim të produkteve të reja, shërbimeve dhe procedurave, përfshirë edhe të dhëna për patentat, licencat, dhe koncesionet, për tre vitet e fundit financiare dhe asetet që janë shpenzuar për aktivitete hulumtuese dhe zhvillimore, nëse ato të dhëna janë të rëndësishme.

Работата на ТЕ-ТО АД Скопје е во значителна мера условена од регулаторното опкружување во енергетскиот сектор, при што поседувањето и одржувањето на соодветни лиценци и дозволи претставува основен предуслов за вршење на дејноста. Без валидни одобренија за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија, трговија со електрична енергија и природен гас, како и без интегрирана

еколошка дозвола, друштвото не би можело континуирано да ја извршува својата основна активност. Ваквата поставеност укажува на значителна регулаторна зависност, при што секоја промена во регулаторните услови, продолжување или одземање на лиценца или дозвола би имала директно и материјално влијание врз континуитетот на работењето.
Тековни лиценци на друштвото:
Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на топлинска и електрична енергија во постројки за комбинирано производство на топлинска и електрична енергија од 20.02.2012 год.
Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија од 27.12.2017 год.
Лиценца за вршење енергетска дејност трговија со природен гас од 28.12.2017 год.
Лиценца за снабдување со електрична енергија од 06.12.2021 година
Во однос на интелектуалната сопственост, ТЕ-ТО АД Скопје не се потпира на сопствени патенти како клучен носител на производниот процес. Производството не е условено од ексклузивни иновации во сопственост на друштвото, туку од примена на индустриски докажани решенија.

12. ТРЕНДОВИ/ TENDENCA

Најзначајните движења во врска со производството, продажбата, пронајдоците, трошоците и продажните цени за последната финансиска година и до денот на изготвување на проспектот./ Lëvizjet më të rëndësishme në lidhje me prodhimin, shitjen, zbulimet, kostot dhe çmimet e shitjes për vitin e fundit financiar deri në ditën e përpilimit të prospektit.

Макроекономските и пазарните услови во кои ТЕ-ТО АД Скопје ја остварува својата активност, како и за текот на идниот период, се определени од движењата на домашниот и регионалниот енергетски пазар, динамиката на цените на природниот гас и електричната енергија, како и од поширокиот економски контекст.
Енергетскиот сектор и понатаму останува изложен на нестабилност, пред сè поради флуктуациите на цените на енергенсите, промените во понудата и побарувачката и регулаторните интервенции насочени кон стабилизација на пазарот.
Очекувањата упатуваат на постепена нормализација на енергетските пазари во споредба со претходните кризни периоди, но со задржани ризици поврзани со глобалните енергетски текови, климатските фактори и потенцијалните геополитички тензии. Побарувачката за електрична и топлинска енергија на домашниот пазар се очекува да остане стабилна, поттикната од економската активност и потребите на индустрискиот и домаќинскиот сектор.
Во вакви услови, значајна улога има оптимизацијата на производните капацитети и флексибилноста во приспособувањето кон пазарните ценовни сигнали. Дополнително, регулаторната рамка во областа на енергетиката, како и државните политики за сигурност на снабдувањето и енергетска транзиција, претставуваат клучни фактори кои влијаат врз деловното опкружување.
Во изминатиот период беше забележан пад на берзанските цени на природниот гас и електричната енергија, што создаде поповолни услови за тргување и доведе до зголемена конкуренција на тендерите на ТЕ-ТО АД Скопје, со приклучување на повеќе нови трговци.

Домашниот пазар и понатаму се карактеризира со ограничена ликвидност поради државни интервенции преку продажба по регулирани цени, заради што запирањето на извозот на електрична енергија од државата кон ЕУ земјите со воведувањето на ЦБАМ механизмот драстично го намалува просторот за работа на компанијата.
Поради нестабилноста на пазарот на природен гас, компанијата применува флексибилен модел на продажба преку месечни тендери и краткорочни пазари, како и активно учество во пазарот на системски услуги.
Снабдувањето со природен гас се одвива преку регионалната гранична точка, исклучиво за производни потреби. Поволната разлика меѓу цените на електричната енергија и гасот придонесува за подобрена финансиска успешност.
Цената на топлинската енергија и понатаму е индиректно регулирана, при што производството на ТЕ-ТО АД Скопје останува ценовно поконкурентно во однос на регулираниот производител, но со значително намалени маржи од продажбата на топлинската енергија заради наметнатото непазарно ограничување на цената од регулаторот на ниво од околу 30% пониско од цената на регулираниот производител.
И во идниот период се очекува ТЕ-ТО АД Скопје да има влошени услови на стопанисување заради ЦБАМ регулативата и неликвидниот домашен пазар, како и заради очекуваното одаточување на стаклени гасови во домашната регулатива што е очекува наскоро да се донесе.

13. ПРОГНОЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ - опционо/ PARASHIKIMI I FITIMIT - opsionale

ТЕ-ТО АД Скопје не изготвува прогнозирање на профитот.

14. ОРГАНИ НА ИЗДАВАЧОТ/ ORGANE TË EMETUESIT

14.1 Име и презиме, деловна адреса и функцијата што ја вршат кај издавачот, членовите на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на издавачот, како и податок за основните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот, доколку тие активности се значајни за тој издавач./ Emri dhe mbiemri, adresa zyrtare dhe funksioni që e kryen emetuesi, anëtarët e bordit të drejtorëve, respektivisht bordi drejtues dhe mbikëqyrës i emetuesit, si dhe e dhënë për aktivitetet bazë të këtyre personave jashtë punës tek emetuesi, nëse ato aktivitete janë të rëndësishme për atë emetues.

Членови на Управниот одбор на ТЕ-ТО АД Скопје:

- Димитар Кочовски – Генерален директор и Претседател на Управен одбор
- Татиана Затсепина - Член на Управен одбор
- Говоров Артем - Член на Управен одбор
- Шнахов Вјачеслав - Член на Управен одбор

Членови на Надзорниот одбор на ТЕ-ТО АД Скопје:

- Вадим Владимирович Околухин - Претседател на Надзорен одбор
- Таулан Батчаев - Член на Надзорен одбор
- Викториа Хенкелманн - Независен член на Надзорен одбор

Податоци за членовите на Управниот одбор:

14.1.	Име и презиме / Emri dhe mbiemri	Димитар Кочовски
	Деловна адреса / Adresa zyrtare	Ул. Тодор Александров бр 8, 1000 Скопје
	Функцијата што ја врши кај друштвото / Funksioni	Генерален директор и Претседател на Управен одбор
	Податок за основните активности на овие лица надвор од работењето кај друштвото, доколку тие активности се значајни за тоа друштво / Aktivitetet bazë të këtyre personave jashtë punës tek emetuesi, nëse ato aktivitete janë të rëndësishme për atë emetues.	Нема активности надвор од работењето на друштвото кои се значајни за ТЕ-ТО АД
14.2.	Податок за природата на било каква поврзаност помеѓу лицата од точка 14.1. / E dhënë për natyrën e çfarëdo lidhshmërie midis personave nga pika 14.1.	Нема поврзаност
14.3.	Детални податоци за лицето од точка 14.1. / Të dhëna të hollësishme për personi nga pika 14.1. anëtarë të organeve të emetuesit:	Дипломиран електротехнички инженер
14.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство / Të dhëna për përvojë menaxheriale dhe profesionale të punës së personave të lartëpërmendur	Работно искуство на менаџерски позиции подолго од 20 години
14.3.2.	Имињата на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било кое време во последните пет години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер / Emrat e shoqërive në të cilat personi e lartëpërmendur është anëtar të bordit të drejtorëve, respektivisht bordit drejtues dhe mbikëqyrës, ose është bashkëpronar, respektivisht aksionar në çdo kohë në pesë vitet e fundit, duke cekur se personi ende është ose nuk është më anëtar ose bashkëpronar, respektivisht aksionar	БАЛКАН ЕНЕРЏИ ГРУП АД Скопје, Претседател на Надзорен одбор

14.3.3.	Податок дали лицето било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години / E dhënë nëse personi e lartëpërmendur ka qenë anëtar të bordit të drejtorëve, respektivisht bordit drejtues dhe mbikëqyrës të një personi juridik kundër të cilit është nisur procedurë falimentuese, para-falimentuese ose likuiduese në pesë vitet e fundit	Лицето е претседател на Управен одбор на ТЕ-ТО АД Скопје, против кое беше поведена предстечајна постапка со спроведување План за реорганизација
14.3.4.	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на друштвото во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната) / E dhënë nëse personit e lartëpërmendur i është shqiptuar masa e sigurisë ndalesë për ushtrimin e profesionit, veprimtarisë ose detyrës nga një profesion i caktuar që pjesërisht ose në tërësi është i përfshirë në lëndën e punës së shoqëri në pesë vitet e fundit (me të dhënë kur ka qenë e shqiptuar masa dhe deri kur ka zgjatur ndalesa)	Не му е изречена таква мерка
14.3.5.	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество / E dhënë nëse personi e lartëpërmendur ka pjesëmarrje personale në principalin themelor të emetuesit dhe në strukturën votuese të emetuesit, me të dhënë për shumën e asaj pjesëmarrje	Нема учество во сопственичката структура на друштвото

14.1.	Име и презиме / Emri dhe mbiemri	Татиана Затсепина
	Деловна адреса / Adresa zyrtare	Ул. Тодор Александров бр 8, 1000 Скопје
	Функцијата што ја врши кај друштвото / Funksioni	Член на Управен одбор
	Податок за основните активности на овие лица надвор од работењето кај друштвото, доколку тие активности се значајни за тоа друштво / Aktivitetet bazë të këtyre personave jashtë punës tek emetuesi, nëse ato aktivitete janë të rëndësishme për atë emetues.	Вработена како финансиски советник во Ratisol Limited, Кипар
14.2.	Податок за природата на било каква поврзаност помеѓу лицата од точка 14.1. / E dhënë për natyrën e çfarëdo lidhshmërie midis personave nga pika 14.1.	Нема поврзаност
14.3.	Детални податоци за лицето од точка 14.1. / Të dhëna të hollësishme për personi nga pika 14.1. anëtarë të organeve të emetuesit:	МБА Московска бизнис школа Диплома за овластен сметководител Највисока диплома по финансии од Московскиот универзитет
14.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство / Të dhëna për përvojë menaxheriale dhe profesionale të punës së personave të lartëpërmendur	Генерален директор и сопственик Јули, 1995 – 2021 CJSC Energoaudit -Услуги за финансиско и инвестициско советување -Официјална проценка на бизнисот и средствата, подготовка на извештаи за вредност и бизнис извештаи - Развој на бизнис шеми и финансиски структури
14.3.2.	Имињата на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било	Акционер во Chalmarel Limited со 500 обични акции

	кое време во последните пет години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер / Emrat e shoqërive në të cilat personi e lartëpërmendur është anëtar të bordit të drejtorëve, respektivisht bordit drejtues dhe mbikëqyrës, ose është bashkëpronar, respektivisht aksionar në çdo kohë në pesë vitet e fundit, duke cekur se personi ende është ose nuk është më anëtar ose bashkëpronar, respektivisht aksionar	
14.3.3.	Податок дали лицето било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години / E dhënë nëse personi e lartëpërmendur ka qenë anëtar të bordit të drejtorëve, respektivisht bordit drejtues dhe mbikëqyrës të një personi juridik kundër të cilit është nisur procedurë falimentuese, para-falimentuese ose likuiduese në pesë vitet e fundit	Лицето е член на Управен одбор на ТЕ-ТО АД Скопје, против кое беше поведена предстечајна постапка со спроведување План за реорганизација
14.3.4.	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на друштвото во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната) / E dhënë nëse personit e lartëpërmendur i është shqiptuar masa e sigurisë ndalesë për ushtrimin e profesionit, veprimtarisë ose detyrës nga një profesion i caktuar që pjesërisht ose në tërësi është i përfshirë në lëndën e punës së shoqëri në pesë vitet e fundit (me të dhënë kur ka qenë e shqiptuar masa dhe deri kur ka zgjatur ndalesa)	Не му е изречена таква мерка
14.3.5.	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на	Нема учество во сопственичката структура на друштвото

	издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество / E dhënë nëse personi e lartëpërmendur ka pjesëmarrje personale në principalin themelor të emetuesit dhe në strukturën votuese të emetuesit, me të dhënë për shumën e asaj pjesëmarrje	

14.1.	Име и презиме / Emri dhe mbiemri	Говоров Артем
	Деловна адреса / Adresa zyrtare	Ул. Тодор Александров бр 8, 1000 Скопје
	Функцијата што ја врши кај друштвото / Funksioni	Член на Управен одбор
	Податок за основните активности на овие лица надвор од работењето кај друштвото, доколку тие активности се значајни за тоа друштво/ Aktivitetet bazë të këtyre personave jashtë punës tek emetuesi, nëse ato aktivitete janë të rëndësishme për atë emetues.	Нема
14.2.	Податок за природата на било каква поврзаност помеѓу лицата од точка 14.1. / E dhënë për natyrën e çfarëdo lidhshmërie midis personave nga pika 14.1.	Нема
14.3.	Детални податоци за лицето од точка 14.1. / Të dhëna të hollësishme për personi nga pika 14.1. anëtarë të organeve të emetuesit:	Дипломиран правник
14.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство / Të dhëna për përvojë menaxheriale dhe profesionale të punës së personave të lartëpërmendur	23 години
14.3.2.	Имињата на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било	Нема

	кое време во последните пет години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер / Emrat e shoqërive në të cilat personi e lartëpërmendur është anëtar të bordit të drejtorëve, respektivisht bordit drejtues dhe mbikëqyrës, ose është bashkëpronar, respektivisht aksionar në çdo kohë në pesë vitet e fundit, duke cekur se personi ende është ose nuk është më anëtar ose bashkëpronar, respektivisht aksionar	
14.3.3.	Податок дали лицето било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години / E dhënë nëse personi e lartëpërmendur ka qenë anëtar të bordit të drejtorëve, respektivisht bordit drejtues dhe mbikëqyrës të një personi juridik kundër të cilit është nisur procedurë falimentuese, para-falimentuese ose likuiduese në pesë vitet e fundit	Лицето е член на Управен одбор на ТЕ-ТО АД Скопје, против кое беше поведена предстечајна постапка со спроведување План за реорганизација
14.3.4.	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на друштвото во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната) / E dhënë nëse personit e lartëpërmendur i është shqiptuar masa e sigurisë ndalesë për ushtrimin e profesionit, veprimtarisë ose detyrës nga një profesion i caktuar që pjesërisht ose në tërësi është i përfshirë në lëndën e punës së shoqëri në pesë vitet e fundit (me të dhënë kur ka qenë e shqiptuar masa dhe deri kur ka zgjatur ndalesa)	Не му е изречена таква мерка

14.3.5.	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество / E dhënë nëse personi e lartëpërmendur ka pjesëmarrje personale në principalin themelor të emetuesit dhe në strukturën votuese të emetuesit, me të dhënë për shumën e asaj pjesëmarrje	Нема учество во сопственичката структура на друштвото

14.1.	Име и презиме / Emri dhe mbiemri	Шнахов Вјачеслав
	Деловна адреса / Adresa zyrtare	Ул. Тодор Александров бр 8, 1000 Скопје
	Функцијата што ја врши кај друштвото / Funksioni	Член на Управен одбор
	Податок за основните активности на овие лица надвор од работењето кај друштвото, доколку тие активности се значајни за тоа друштво / Aktivitetet bazë të këtyre personave jashtë punës tek emetuesi, nëse ato aktivitete janë të rëndësishme për atë emetues.	Нема
14.2.	Податок за природата на било каква поврзаност помеѓу лицата од точка 14.1. / E dhënë për natyrën e çfarëdo lidhshmërie midis personave nga pika 14.1.	Нема
14.3.	Детални податоци за лицето од точка 14.1. / Të dhëna të hollësishme për personi nga pika 14.1. anëtarë të organeve të emetuesit:	Дипломиран правник
14.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство / Të dhëna për përvojë menaxheriale dhe profesionale të punës së personave të lartëpërmendur	16 години
14.3.2.	Имињата на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било кое време во последните пет години, наведувајќи дали лицето сеуште е или	Нема

	не е веќе член или содружник односно акционер / Emrat e shoqërive në të cilat personi e lartëpërmendur është anëtar të bordit të drejtorëve, respektivisht bordit drejtues dhe mbikëqyrës, ose është bashkëpronar, respektivisht aksionar në çdo kohë në pesë vitet e fundit, duke cekur se personi ende është ose nuk është më anëtar ose bashkëpronar, respektivisht aksionar	
Податоци за секој договор (надвор од секојдневното работење на издавачот) кој е од суштинско значење за работењето на издавачот, а во кој како договорна страна се јавува издавачот или друг член на групата (ако издавачот е дел од група), за последните две години кои му претходат на изготвувањето на проспектот. / Të dhëna për çdo marrëveshje (jashtë punës së përditshme të emetuesit) që është me rëndësi jetike për punën e emetuesit, e në të cilën si palë kontraktuese paraqitet emetuesi ose anëtar tjetër i grupit (nëse emetuesi është pjesë e grupit), për dy vitet e fundit të cilat i paraprijnë përpilimit të prospektit.

ТЕ-ТО АД Скопје нема потпишано договор надвор од секојдневното работење на друштвото кој е од суштинско значење за работењето.

21. ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА И ИЗВЕШТАИ ОД ЕКСПЕРТИ И ИЗЈАВА ЗА БИЛО КАКОВ ИНТЕРЕС/ INFORMATA TË FITUARA NGA PALË TË TRETA DHE RAPORTE NGA EKSPERTË DDHE DEKLARATË PËR ÇFARËDO INTERESI

21.1 Кога во проспектот е вклучен извештај од трето лице - експерт, да се наведат податоци за тоа лице и тоа: име и презиме, деловна адреса, кавалификации и податок дали лицето има материјален интерес кај издавачот. Податок во кој контекст и во која форма се употребува извештајот на тоа лице и согласност од лицето кое ја потврдило содржината на тој дел од проспектот./ Kur në prospektin është i përfshirë raport nga palë e tretë – ekspert, të ceken të dhëna për atë person dhe atë: emri dhe mbiemri, adresa zyrtare, kualifikimet dhe e dhënë nëse personi ka interes material tek emetuesi. E dhënë se në çfarë konteksti dhe në çfarë forme përdoret raporti i atij personi dhe pëlqim nga personi i cili e ka konfirmuar përmbajtjen e asaj pjese të prospektit.

Во Проспектот не е вклучен извештај од трето лице – експерт.

21.2 Кога извор на определена информација е некое трето лице, потребно е да се обезбеди потврда дека таа информација е точно и прецизно репродуцирана и дека согласно можностите и сознанијата на издавачот не е прикриен ниту еден факт кој би ги направил репродуцираните информации нецелосни или неточни. Да се наведе и изворот на информациите./ Kur një burim i një informate të caktuar është ndonjë palë e tretë, duhet të sigurohet konfirmim se ajo informatë është saktësisht dhe me precizitet e riprodhuar dhe se në përputhje me mundësitë dhe njohuritë e emetuesit nuk është fshehur asnjë fakt i cili do i bënte informatat e riprodhuara jo të plota ose të pasakta. Të ceket edhe burimi i informatave.

Во Проспектот не е вклучен извештај од трето лице – експерт.

22. УЧЕСТВО ВО ДРУГИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА/ PJESËMARRJE NË SHOQËRI TË TJERA TREGTARE

Информација за учеството на издавачот во капиталот на други друштва што може да има значително влијание на проценката на неговите средства и обврски, финансиската положба или добивките и загубите./ Informata për pjesëmarrjen e emetuesit në kapitalin e shoqërive të tjera që mund të ketë ndikim të konsiderueshëm në vlerësimin e aseteve dhe detyrimeve të tij, gjendjen financiare ose fitimet dhe humbjet.

Друштвото е дел од група заедно со неговата подружница ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје, која е основана на 02.03.2012 година и е зависно друштво, при што ТЕ-ТО АД Скопје е 100% сопственик и има целосно учество во истото.

ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје е класифицирано како микро бизнис и имаше лиценца за снабдување/трговија со природен гас чија важност истече во 2025 година, а служеше како оперативна единица за активности поврзани со трговија со гас. Истото нема активност последните години.

23. ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ/ TË DHËNA PËR OFERTËN E LETRAVE ME VLERË

23.1 Причини за пондата и намена на средствата што ќе се приберат со понудата / Arsye për ofertën dhe qëllimin e aseteve që do të grumbullohen me ofertën

Информации за причините поради кои се врши понудата и за очекуваниот нето износ на средства кои ќе се приберат врз основа на истата со податок за поединечните цели подредени по приоритет за кои ќе бидат наменети прибраните средства. / Informatat për arsyet për shkak të së cilave bëhet oferta dhe për shumën e pritur neto të aseteve që do të grumbullohen në bazë të së njëjtës me të dhënë për qëllimet e veçuara, të rendirura sipas prioritetit për të cilin do të dedikohen asetet e grumbulluara.
Доколку издавачот смета дека средствата предвидени да се приберат со понудата нема да бидат доволни за реализација на сите предвидени намени(цели), потребно е да се наведе износот и можните извори на другите потребни средства. /
Nëse emetuesi konsideron se asetet e parapara që do të grumbullohen me ofertën nuk do jenë të mjaftueshme për realizimin e të gjitha qëllimeve (synimeve) të parapara, duhet të ceket shuma dhe burimet e mundshme të aseteve të tjera të nevojshme.
Потребно е да бидат дадени детали во врска со употребата на средствата од емисијата, особено во смисла на тоа дали со нив издавачот ќе набави нови средства надвор од секојдневното работење, ќе финансира преземање на други бизниси, или ќе ги намали или исплати долговите, и друго./ Duhet të jepen hollësi në lidhje me përdorimin e aseteve nga emetimi, në veçanti në kuptim të asaj nëse me ato emetuesi do të merr në dispozicion asete të reja jashtë punës së përditshme, do financojë marrjen e bizneseve të tjera, ose do të zvogëlojë ose paguajë borxhet, e tjera.

Сопствените обични акции друштвото ги има стекнато на 01.09.2025 година заради консолидирање на сопственичката структура на ТЕ-ТО АД, одржување добро корпоративно управување, обезбедување стабилност во работењето на друштвото и континуитет во испораката на електрична и топлинска енергија. Акциите се стекнати во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност и истите се запишани во Акционерската книга на Друштвото која се води во Централниот депозитар на хартии од вредност.
Двете сопствени обични акции се отуѓуваат заради усогласување со законските одредби како и за одржување на ликвидноста и стабилноста, при што се очекува да се прибере минимум нето износ на финансиски средства од 41.111.112,00,00 МКД кои би се искористиле како дополнителен извор на средства за неопходни за оперативното

работење на друштвото како и за обезбедување на ликвидност во услови на очекувано влошување на финансиската состојба на друштвото.

23.2 Општи податоци за хартиите од вредност/ Dispozita të përgjithshme për letrat me vlerë

23.2.1 Бројот и датумот на актот за издавање на сопственички хартии од вредност / Numri dhe data e aktit për emetim të letrave me vlerë pronësore;

Одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда, број 0201-41/3/6 од 23.09.2026 година.

23.2.2 Податоци за согласностите и одобренијата врз основа на кои хартиите од вредност ќе бидат издаени;/ Të dhëna për pëlqimet dhe miratimet në bazë të së cilave letrat me vlerë do të emetohen;

Продажбата на хартиите од вредност е одобрена со Одлука донесена од Собрание на акционери на ТЕ-ТО АД Скопје за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда, број 0201-41/3/6 од 23.09.2026 година.
Продажбата на хартиите од вредност е одобрена со Решение од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија број ..... од .....

23.2.3 Бројот на хартии од вредност што се издаваат и номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечна и вкупна номинална вредност на емисијата); / Numri i letrave me vlerë që emetohen dhe vlera nominale e letrave me vlerë (vlera individuale dhe totale nominale e emetimit);

Јавната понуда се однесува на продажба на 2 сопствени обични акции. Номиналната вредност на една акција изнесува 100 ЕУР, додека вкупната номинална вредност на акциите предмет на продажба изнесува 200 ЕУР.

23.2.4 Закони врз основа на кои се издаваат хартиите од вредност;/ Ligje në bazë të së cilave emetohen letrat me vlerë;

Продажбата на сопствени акции се врши согласно обврска од член 336 и член 383 од Законот за трговските друштва, а во согласност со одредбите за Јавна понуда од Законот за хартии од вредност, соодветните подзаконски акти на Комисијата за хартии од вредност, Македонска берза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

23.2.5 Назив и адреса на субјектот каде се регистрираат хартиите од вредност;/ Emërtimi dhe adresa e subjektit ku regjistrohen letrat me vlerë;

Промената на сопственост на хартиите од вредност предмет на јавната понуда се регистрира во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје - ЦДХВ АД

Скопје, со седиште на ул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

23.2.6 Времето и начинот на предавањето на хартиите од вредност за регистрање кај овластен депозитар;/ Koha dhe mënyra e dhënies së letrave me vlerë për regjistrim tek një depozitar i autorizuar;

Доколку исходот од продажбата на сопствените акции преку јавна понуда е успешен т.е. ако 100% од понудените акции се продадат во предвидениот рок, ТЕ-ТО АД Скопје доставува известување за продадените хартии од вредност до Централниот депозитар и до Комисијата за хартии од вредност. Во рок од 2 дена од доставеното известување за продадени / отуѓени сопствени акции, Централниот депозитар врши порамнување на трансакциите кои биле склучени на Македонската берза.

23.2.7 Податоци за оданочувањето на приходите од хартиите од вредност./ Të dhëna për tatimimin e të ardhurave nga letrat me vlerë.

<u>Податоци за оданочувањето на приходите од хартиите од вредност за резиденти (домашни) и странски правни лица</u>

Согласно член 2 од Законот за данокот на добивка, стапката на данокот на добивка изнесува 10%.
Согласно член 4 од Законот за данокот на добивка, обврзник на данокот на добивка е правно лице резидент на Република Северна Македонија кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство. Резидент, во оваа смисла е субјектот кој е основан или има седиште на територијата на Република Северна Македонија.
Согласно член 5 од Законот за данокот на добивка, обврзник на данокот на добивка е и странско правно лице за добивката што ја остварува од вршење на дејност на територијата на Република Северна Македонија.
Согласно член 7 од Законот за данокот на добивка, основа за пресметување на данокот на добивка кај трговските друштва е разликата меѓу вкупните приходи и вкупните расходи во даночниот период, утврдени согласно со прописите за сметководство и сметководствените стандарди, зголемена за непризнатите расходи.
Согласно член 20 од Законот за данокот на добивка, основа за пресметување на задржаниот данок е бруто износот на приходите на странските правни лица од кои се задржува данок, а плаќачот на приходот е должен да го задржи и уплати данокот во корист на јавните приходи.
Согласно член 21 од Законот за данокот на добивка, задржувањето на данок се применува на приходот од дивиденди.
Согласно член 22 од Законот за данокот на добивка, данокот што се задржува од странско правно лице се пресметува на бруто приходите по стапка од 10%.

Податоци за оданочување на приходите од хартии од вредност за домашни и странски физички лица:

Согласно член 5 од Законот за данокот на личен доход, даночен обврзник на данокот на доход е секое физичко лице резидент на Република Северна Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство. Резидент во смисла на овој закон е физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија и престојува во земјата повеќе од 183 дена во текот на една календарска година.
Согласно член 7 од Законот за данокот на личен доход, обврзник на данокот на доход е физичко лице кое не е резидент на Република Северна Македонија за доходот што го остварува на територијата на Република Северна Македонија.
Согласно член 11 од Законот за данокот на личен доход, данокот на доход од капитални добивки се плаќа по единствена стапка од 10%.
Согласно член 3 од Законот за данокот на личен доход, под личен доход се подразбираат доходот од капитал и капиталните добивки.
Согласно член 55 од Законот за данокот на личен доход, под доход од капитал се подразбираат дивиденди и друг доход остварен со поседување на хартии од вредност. Основица за пресметување на данокот на доход од капитал претставува износот на бруто приходите.
Согласно член 58 од Законот за данокот на личен доход, капитална добивка претставува разликата помеѓу продажната цена при продажба или размена на хартии од вредност и нивната набавна цена.

23.3 Податоци за сопственичките хартиите од вредност/ Të dhëna për letrat me vlerë pronësore

(Податоците од оваа точка се даваат во случај кога предмет на понудата се сопственички хартии од вредност) / (Të dhëna nga kjo pikë jepen në rast kur lëndë e ofertës janë letra me vlerë pronësore)

23.3.1 Опис на видот, родот и класата на хартии од вредност кои се издаваат, вклучувајќи и ИСИН број за хартијата од вредност, доколку таков постои;/ Përshkrim i llojit, gjinisë dhe klasës së letrave me vlerë që emetohen, përfshirë edhe numrin ISIN për letrën me vlerë, nëse si i tillë ekziston;

Хартиите од вредност се обични сопствени акции.

ИСИН број МКТЕТО101014

23.3.2 Опис на правата кои произлегуваат од хартиите од вредност, било какви ограничувања на правата и начинот на кој се остваруваат тие права;/ Përshkrim i të drejtave që rrjedhin nga letrat me vlerë, çfarëdo kufizime të të drejtave dhe mënyra në të cilën realizohen ato të drejta;
а. право на дивиденда; / e drejta në dividentë;
б. Право на глас;/ E drejta në votë

в. Право на учество во стечајната односно ликвидационата маса на издавачот; / E drejta në pjesëmarrje në masën falimentuese, respektivisht likuiduese të emetuesit;
г. Право на откуп од страна на друштвото (податок дали друштвото со статутот е овластено да издава акции во кои е содржано правото на друштвото во определен рок да ги откупува така издадените акции; условите под кои е полноважен откупот; податок дали при конкретната понуда акциите се издаваат со право на откуп од страна на издавачот) /
E drejta e blerjes nga ana e shoqërisë (e dhënë nëse shoqëria me statutin është e autorizuar të emetojë aksione në të cilat është e përmbajtur e drejta e shoqërisë në afat të caktuar të blejë aksione ashtu të emetuara; kushtet nën të cilat blerja është fuqiplotë; e dhënë nëse gjatë ofertës konkrete aksionet emetohen me të drejtë të blerjes nga ana e emetuesit)
д. Можност за конверзија и условите и процедурите на конверзија./ Mundësi për konvertim dhe kushtet dhe procedurat e konvertimit.
ѓ. други права определени во статутот и во одлуката за издавање на хартиите од вредност, во согласност со закон. / Të drejta të tjera të caktuara në statutin dhe në vendimin për emetim të letrave me vlerë, në përputhje me ligj.

Акционерите кои се стекнуваат со обични сопствени акции ги имаат следниве права кои произлегуваат од Законот за трговските друштва и Статутот на ТЕ-ТО АД Скопје:
-Право на глас во Собранието на акционери;
-Право на исплата на дел од добивката (дивиденда);
-Право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото.

23.3.3 Преносливост на хартиите од вредност; / Transferueshmëria e letrave me vlerë

Хартиите од вредност се со право на преносливост. Издадените обични акции се целосно преносливи, односно ќе може да се тргуваат на секундарниот пазар.

23.3.4 Податок за постоењето на обврска за давање на понуда за преземање (јавна понуда за откуп);/ E dhënë për ekzistimin e detyrimit për dhënie të ofertës për marrje (ofertë publike për blerje)

Акциите издадени од ТЕ-ТО АД Скопје се тргуваат на слободен пазар на Македонска берза АД Скопје и не постои обврска за давање на јавна понуда за превземање.

23.3.5 Податок за постоење на понуди за преземање (јавни понуди за откуп) на хартиите од вредност на издавачот во текот на претходната финансиска година и во текот на тековната финансиска година, заедно со податокот за цената или условите за замена на хартиите од вредност - предмет на

понудата за преземање, и исходот на понудата за преземање./ E dhënë për ekzistimin e ofertave për marrje (oferta publike për blerje) të letrave me vlerë të emetuesit gjatë vitit paraprak financiar dhe gjatë vitit rrjedhor financiar, së bashku me të dhënë për çmimin ose kushtet për zëvendësim të letrave me vlerë – lëndë e ofertës për marrje, dhe rezultatin e ofertës për marrje

Не постојат понуди за преземање (јавни понуди за откуп) на хартиите од вредност на друштвото ТЕ-ТО АД Скопје во текот на претходната финансиска година и во текот на тековната финансиска година.

23.3.6 Разводнување (Износот и процентот на разводнување на заработувачката по акција како резултат на понудата) / Hollimi (shuma dhe përqindja e hollimit të fitimit për aksion si rezultat i ofertës)

Јавната понуда се однесува на продажба (отуѓување) на сопствени акции, па така не се очекува да има ефект врз заработувачката по акција.

23.4 <u>Податоци за должничките хартии од вредност/ Të dhëna për letrat me vlerë të borxhit</u> (Податоците од оваа точка се даваат во случај кога предмет на понудата се должнички хартии од вредност) / (Të dhënat nga kjo pikë jepen në rast kur lëndë e ofertës janë letra me vlerë të borxhit)

Должнички хартии од вредност не се предмет на понуда.

24. РОКОВИ И УСЛОВИ НА ПОНУДАТА/ AFATET DHE KUSHTET E OFERTËS

24.1 <u>Цена на хартиите од вредност/ Çmimi i letrave me vlerë</u>

24.1.1 Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени, како и начинот на утврдување на цената согласно правилата на овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор;/ Çmimi me të cilin letrat me vlerë do të ofrohen, si dhe mënyra e përcaktimit të çmimit në përputhje me rregullat e një burse të autorizuar, përmes së cilës do të bëhet regjistrimi i letrave me vlerë publikisht të ofruara, me të cilën emetusi për këtë ka përmbyllur marrëveshje;

Појдовната минимална продажна цена по која хартиите од вредност ќе бидат понудени изнесува 20.555.556,00 МКД по акција. Минималната продажна цена на акциите од оваа понуда е определена со Правилата за тргување на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје (Анекс 3, точка 6.4) и претставува цената по која се стекнати сопствените акции на друштвото. Согласно правилата за тргување доколку за акциите на издавачот не е формирана просечна пазарна цена во последните 12 месеци, односно не е реализирана ниту една трансакција, почетна цена по која може да се понудат за продажба сопствените акции е цената по која се стекнати сопствените акции на друштвото, без оглед на периодот на стекнување.

Продажбата (отуѓувањето) ќе се врши на 2 акции.
Продажбата (отуѓувањето) на сопствените акции по пат на јавна понуда ќе се реализира преку Македонската берза во согласност со моделот на одредување минимална цена, при што приоритет се дава на налози со повисока цена, помала количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.

24.1.2 Податок за трошоците односно провизиите кои паѓаат на товар на запишувачот односно купувачот./ E dhënë për kostot, respektivisht komisionet që bijnë në barrë të regjistruesit, respektivisht blerësit.

Нема никакви дополнителни трошоци, односно провизии кои паѓаат на товар на запишувачот, односно купувачот, освен провизиите за платниот промет и провизиите кои ги наплатува секоја овластена членка на берзата, како и надоместоците согласно официјалниот тарифник на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

24.2 Услови, рокови и потребни дејствија за запишување и уплата на хартии од вредност предмет на понудата, утврдени согласно правилата на овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот;/ Kushtet, afatet dhe veprimet e nevojshme për regjistrim dhe pagesë të letrave me vlerë lëndë e ofertës, të përcaktuara në përputhje me rregullat e një burse të autorizuar, përmes së cilës do të bëhet regjistrimi i letrave me vlerë publikisht të ofruara, me të cilën emetuesi për këtë ka përmbyllur marrëveshje dhe rregullat e një depozitari të autorizuar ku janë të regjistruara letrat me vlerë të emetuesit;

24.2.1 Вкупна вредност на понудата;/ Vlera totale e ofertës;

Вкупната вредност на понудата изнесува најмалку 41.111.112,00 МКД, односно 2 обични акции по цена од најмалку 20.555.556,00 МКД по акција, согласно точка 24.1.1 погоре.

24.2.2 Временскиот период во кој понудата ќе биде отворена (датум на започнување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на започнување на рокот за уплата (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за уплата (ден, месец, година)) и опис на постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност;/ Periudha kohore në të cilën oferta do të jetë e hapur: (data e fillimit të afatit për regjistrim (dita, muaji, viti); data e përfundimit të afatit për regjistrim (dita, muaji, viti); data e fillimit të afatit për pagesë (dita, muaji, viti); data e përfundimit të afatit për pagesë (dita, muaji, viti)) dhe përshkrim i procedurës të regjistrimit dhe pagesës së letrave me vlerë;

Постапката на запишувањето и купување на акциите ќе започне најдоцна во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на Решението за давање на одобрение

за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Друштвото ќе ја објави Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија на ..... година. Истовремено, друштвото ќе ги објави Проспектот и Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност на веб страницата на Македонска берза за хартии од вредност, а истите ќе бидат достапни и во просториите на друштвото и на местата каде што се врши запишување и уплата на акциите.

Датумот на започнување на рокот за запишување и уплата на акциите е 14 календарски дена по објавата на Поканата за запишување и уплата на акциите, односно на ..... година.

Датумот на завршување на рокот за запишување и уплата на акциите е 1 (еден) работен ден од денот на започнувањето на запишувањето и уплатата на акциите, односно на ..... година.

Постапката за запишување и уплата на акциите ќе се врши преку Македонската берза на хартии од вредност, а ќе се реализира преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност - членки на Македонската берза на хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност, согласно важечката законска и подзаконска регулатива, Правилата за тргување на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Плаќањето на акциите ќе се врши исклучиво во пари преку банкарска трансакција. При запишувањето и распределбата на запишаните обични акции се применува моделот на минимална цена со примена на принципот на приоритет на повисока цена, помала количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.

При запишувањето секој купувач пополнува уписница која се дава истовремено со давањето на налогот за купување на хартии од вредност од јавната понуда на хартии од вредност кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност - членка на овластената берза и овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализирање на налогот за купување. За време на запишувањето, сите уплати од купувачите за понудените хартии од вредност ќе се чуваат на посебна за таа цел отворена банкарска сметка, која нема да биде користена од страна на издавачот се додека јавната понуда не биде завршена.

Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност - членка на овластена берза и овластениот депозитар на секое лице кое запишало и уплатило хартии од вредност од јавната понуда треба да му достави извештај за склучување на трансакцијата во рок од два дена по денот на склучувањето. Доставувањето на извештајот се врши на начин договорен со клиентот.

Проспектот за продажба-отуѓување на сопствени акции по пат на јавна понуда на ТЕ-ТО АД Скопје се става на располагање на сите заинтересирани лица во просториите на друштвото и во просториите на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност-членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје:

- Еурохаус АД Скопје
- Илирика Инвестментс АД Скопје

- Комерцијална банка АД Скопје - Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност
- Стопанска банка АД Скопје - Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско посреднички услуги
- Халк банка АД Скопје – Одделение за работа со хартии од вредност
- ТТК банка АД Скопје - Оддел за работа со хартии од вредност
- Шпаркасе банка АД Скопје - Служба за работи со хартии од вредност
- НЛБ банка АД Скопје - Служба за услуги со хартии од вредност
- Иново Брокер АД Скопје
- Фершпед Брокер АД Скопје

По завршување на јавната понуда, друштвото доставува известување до Комисијата за хартии од вредност и до Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за запишани и платени хартии од вредност од јавната понуда. Во рок од два дена од доставеното известување за запишани и платени хартии од вредност, Депозитарот врши порамнување на трансакциите кои биле склучени на Берзата.

24.2.3 Процентот на успешност односно процентот на запишување и уплата на хартии од вредност за да јавната понуда се смета за успешна/ Përqindja e suksesshmërisë, respektivisht përqindja e regjistrimit dhe pagesës së letrave me vlerë ashtu që oferta publike të konsiderohet e suksesshme

Продажбата (отуѓувањето) на двете сопствени акции ќе се смета за успешна доколку процентот на запишани и уплатени акции изнесува 100% од понудените сопствени акции.

24.2.4 Услови за затворање на јавната понуда;/ Kushte për mbylljen e ofertës publike;

ТЕ-ТО АД Скопје ја затвора постапката на јавната понуда по завршување на предвидениот рок за запишување и уплата на акциите од 1 (еден) работен ден од денот на започнувањето на запишувањето и уплатата на акциите.

24.2.5 Опис на условите под кои јавната понуда може да се прогласи за неуспешна и начинот на кој ќе им бидат вратени средствата на инвеститорите./ Përshkrim i kushteve nën të cilat oferta publike mund të shpallet e mossuksesshme dhe mënyra në të cilën do t'u kthehen asetet investitorëve.

Јавната понуда ќе се прогласи за неуспешна доколку во предвидениот рок не се запишат и уплатат 100% од акциите кои се предмет на јавната понуда. Во случај на неуспешност на јавната понуда за продажба (отуѓување) на двете сопствени акции, сите запишувања на сопствените акции без одлагање ќе се поништат и средствата уплатени од страна на купувачите ќе им бидат вратени во рок од 7 дена, заедно со депозитната камата согласно Законот за хартии од вредност.

24.2.6 Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените;/ Procedura për shpërndarje të letrave me vlerë në rast se janë të regjistruara dhe/ose të paguara më tepër letra me vlerë nga ato të ofruara

При запишувањето и распределбата на запишаните обични акции се применува моделот на минимална цена со примена на принципот на приоритет на повисока цена, помала количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.
Во случај клиентот да дал налог, а налогот не се реализирал, тогаш повеќе уплатените средства се враќаат на клиентот на дневна основа**.**

24.2.7 Доколку во актот за издавање на хартиите од вредност е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови се наведуваат податоците за најмалиот и/или најголемиот износ кој е може да се запише и уплати;/ Nëse në aktin për emetim të letrave me vlerë është paraparë që letrat me vlerë të shiten në lots, ceken të dhënat për shumën më të vogël dhe/ose më të madhe që mund të regjistrohet dhe paguhet;

Не е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови.

24.2.8 Начин на плаќање на хартиите од вредност;/ Mënyra e pagesës së letrave me vlerë

Акциите се уплаќаат во пари. Плаќањето на акциите се врши во денари согласно важечката законска и подзаконската регулатива, Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје и Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.
Средствата за купување на акциите купувачите ги уплатуваат на сметките на овластените правни лица - членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје. Членките на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, уплатените средства за запишување и купување на акции од јавната понуда, на дневна основа ги пренесуваат на посебната сметка во Халк банка АД Скопје отворена за таа намена бр. 270-059506860323, на која се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда.

24.2.9 Начин и време на настанување на правата од хартиите од вредност; /Mënyra dhe koha e ngjarjes së të drejtave nga letrat me vlerë;

Правата настануваат по порамнувањето преку Централен депозитар на хартии од вредност т.е. на денот на запишување на настанатата промена на сопственоста на сметките на запишувачите во Централен депозитар на хартии од вредност.

24.2.10 Начин и време на известување за исходот на јавната понуда; / Mënyra dhe koha e raportimit për rezultatin e ofertës publike;

По завршување на јавната понуда, друштвото доставува писмено известување до Комисијата за хартии од вредност и до Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за запишани и платени хартии од вредност од јавната понуда, не подоцна од 15 календарски дена од завршувањето на јавната понуда. Писменото известување се доставува и во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија.
Известувањето за запишани и платени хартии од вредност од јавна понуда и известувањето за реализација на јавната понуда на хартии од вредност ќе бидат објавени и на интернет страницата на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, како и на интернет страницата на ТЕ-ТО АД Скопје.

24.2.11 Доколку, согласно одлуката за издавање на акциите понудата е поделена во транши односно е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори, проспектот ги содржи и следните податоци:/ Nëse, në përputhje me vendimin për emetim të aksioneve, oferta është e ndarë në këste, respektivisht është e segmentuar në pjesë, të rezervuara për grupe të caktuara të investitorëve, prospekti i përmban edhe të dhënat në vijim:

Јавната понуда не е поделена во транши, односно не е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори.

24.2.12 Во рамките на сознанијата на издавачот, податок дали доминантните акционери кај издавачот или членовите на управниот и надзорниот одбор односно одборот на директори, имаат намера да запишат од понудените хартии од вредност или некое друго лице има намера да запише повеќе од 5% од јавната понуда./ Në kuadër të njohurive të emetuesit, e dhënë nëse aksionarët domines tek emetuesi ose anëtarët e bordit drejtues dhe mbikëqyrës, respektivisht bordit të drejtorëve, kanë për qëllim të regjistrojnë nga letrat me vlerë të ofruara ose ndonjë tjetër person ka për qëllim të regjistrojë më shumë se 5% të ofertës publike.

Во моментот на поднесување на Барање за одобрение на јавната понуда од Комисијата за хартии од вредност и овој Проспект, ТЕ-ТО АД Скопје нема сознание дека доминантниот акционер или членовите на управниот и надзорниот одбор, ниту пак другите органи на друштвото имаат намера да запишат од понудените хартии од вредност, ниту некое друго лице има намера да запише повеќе од 5% од јавната понуда.

24.2.13 Процес на известување на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност за износот кој им следува./ Procesi i raportimit të personave që kanë regjistruar dhe paguar letra me vlerë për shumën e cila u takon.

Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност - членка на овластената берза или овластениот депозитар на секое лице кое запишало и уплатило хартии од вредност од јавната понуда треба да му достави известување за склучување на трансакцијата во рок од два дена од денот на порамнувањето од страна на

Централниот депозитар за хартии од вредност. Доставувањето на известувањето се врши на начин договорен со клиентот.

24.3 Пласман на хартиите од вредност/ Plasimi i letrave me vlerë

24.3.1 **Податоци (назив, седиште, адреса и телефонски број) за овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и за овластените правни лица – членки на овластената берза и овластениот депозитар и времето во кое заинтересираните лица ќе може да запишат и купат хартии од вредност; / Të dhëna (emërtimi, selia, adresa dhe numri i telefonit) për bursë të autorizuar, përmes së cilës do të kryhet regjistrimi i letrave me vlerë publikisht të ofruara, me të cilën emetuesi për këtë ka përmbyllur marrëveshje dhe për personat e autorizuar juridik – anëtarë të bursës së autorizuar dhe depozitarit të autorizuar dhe koha në të cilën palët e interesuara do të mund të regjistrojnë dhe blejnë letra me vlerë;**

Запишувањето на хартии од вредност, кои се предмет на јавна понуда, ќе се врши преку Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, ул. Орце Николов бр. 75, 1000 Скопје (тел. +389 (2) 3122 055) - овластена берза со која ТЕ-ТО АД Скопје склучи Договор за соработка при продавање на јавно понудени хартии од вредност преку Македонска берза АД Скопје, заведен кај ТЕ-ТО АД Скопје под бр. 0307-1679 од 25.09.2026 година и заведен кај Македонска берза под бр. 03-817/1 од 25.09.2026 година.

Во продолжение се дадени податоци за овластените правни лица – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, преку кои заинтересираните лица ќе можат да ги купат јавно понудените акции:

Назив и адреса	Телефони
ЕУРОХАУС АД Скопје, бул. Св. Климент Охридски 52-а, влез 1, кат 2, бр. 5 (зградата Аркадија), 1000 Скопје	**+389 (2) 3217 093 +389 (2) 3217 095**
Илирика Инвестментс АД Скопје, бул. Св. Климент Охридски бр. 45, кат 1, локал 8, 1000 Скопје	**+389 (2) 3296 853**
ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје ул. „Истарска“ бр. 33 влез 1 локал 4, 1000 Скопје	**+389 (2) 3110 280**
Комерцијална банка АД Скопје – Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност ул. Васил Иљоски бр. 3, 1000 Скопје	**+389 (2) 3247 431 +389 (2) 3247 440 +389 (2) 3168 324**
Стопанска банка АД Скопје – Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги ул. Филип Втори Македонски бр 6, 1000 Скопје	**+389 (2) 3295 405 +389 (2) 3295 406 +389 (2) 3295 407**

Халк банка АД Скопје - **Одделение за работа со хартии од вредност** **ул. Водњанска бр. 1/2, Скопје**	**+389 (2) 3285 628** **+389 (2) 3285 728** **+389 (2) 3285 450**
ТТК Банка АД Скопје - **Оддел за работа со хартии од вредност,** **ул. Народен фронт бр. 19а, Скопје**	**+389 (2) 3247 000** **Локали: 495, 496, 497**
Шпаркасе банка АД Скопје - **Служба за работи со хартии од вредност** **ул. Македонија бр. 34, Скопје – Центар**	**+389 (2) 3200 785** **+389 (2) 3200 582** **+389 (2) 3200 586**
НЛБ банка АД Скопје - **Служба за услуги со хартии од вредност** **ул. Водњанска бр. 1, 1000 Скопје**	**+389 (2) 5100 351** **+389 (2) 5100 352** **+389 (2) 5100 354** **+389 (2) 5100 357** **+389 (2) 5100 387**
Иново Брокер АД Скопје, **бул. Теодосиј Гологанов бр. 60/1-4, 1000 Скопје**	**+389 (2) 3120 941**
Фершпед Брокер АД Скопје **ул. Македонија бр. 11-А, 1000 Скопје**	**+389 (2) 3219 310**

Овластен депозитар: Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје
Адреса: ул. Кузман Јосифовски Питу бр. 1, 1000 Скопје

24.3.2 Податок дали издавачот склучил договор со овластеното правно лице за вршење услуги со хартии од вредност за вршење трансакции и активности за сметка на издавачот потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност со задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност или без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност. Доколку обврската за задолжителен откуп не се однесува на целата емисија, да се даде изјава за делот од емисијата кој не е покриен./ E dhënë nëse emetuesi ka përmbyllur marrëveshje me personin e autorizuar juridik për kryerje të shërbimeve me letra me vlerë për kryerje të transaksioneve dhe aktiviteteve në llogari të emetuesit, të nevojshme për ofertë të suksesshme publike të letrave me vlerë dhe me blerje të obligueshme të letrave me vlerë që nuk janë shitur ose pa blerje të obligueshme të letrave me vlerë që nuk janë shitur. Nëse detyrimi për blerje të detyrueshme nuk i referohet emetimit të plotë, të jepet deklaratë për pjesën e emetimit që nuk është e mbuluar.

ТЕ-ТО АД Скопје нема склучено договор со овластеното правно лице за вршење услуги со хартии од вредност за вршење трансакции и активности за сметка на друштвото потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност со задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност или без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност.

25. ПРИЕМ НА КОТАЦИЈА/ PRANIMI NË LISTIM

Податок за тоа дали и кога издавачот ќе побара прием на котација на хартиите од вредност на овластена берза./ E dhënë për atë nëse dhe kur emetuesi do të kërkojë pranim në listim të letrave me vlerë në bursë të autorizuar.

Издавачот ТЕ-ТО АД Скопје нема да побара прием на котација на хартиите од вредност. Тргувањето со хартиите од вредност ќе продолжи да се одвива во сегментот Редовен пазар – Потсегмент Слободен пазар на Македонската берза, како и до сега.

26. ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТОТ/ TË DHËNA PËR GARANTUESIN

Доколку исполнувањето на обврските од хартиите од вредност е гарантирано од едно или повеќе лица, задолжително се наведуваат податоци за секое од тие лица и обемот на нивната одговорност/ Nëse përmbushja e detyrimeve nga letrat me vlerë është e garantuar nga një ose më shumë persona, në mënyrë obligative ceken të dhënat për çdonjërin nga ata persona dhe vëllimi i përgjegjësisë së tyre

Проспектот се однесува на продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда.

27. ДОКУМЕНТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ/ DOKUMENTE NË DISPOZICION

27.1 Проспектот треба да содржи Изјава дека за време на неговата важност следните документи, односно копии од истите ќе бидат на увид:/ Prospekti duhet të përmbajë Deklaratë se gjatë vlefshmërisë së tij, dokumentet, respektivisht kopjet në vijim nga të njëjtat do të jenë në pikëqasje:

а) Статутот на издавачот;/ Statuti i emetuesit;
б) сите извештаи и други документи, ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за последните три години, проценки и извештаи подготвени од страна на експерт на барање на издавачот, делови од кои се опфатени во проспектот или проспектот повикува на нив;/ të gjitha raportet dhe dokumentet e tjera, raporte të reviduara financiare me mendim të një revizori të pavarur për tre vitet e fundit, vlerësime dhe raporte të përgatitura nga ana e një eksperti në kërkesë të emetuesit, pjesë nga të cilat janë të përfshira në prospektin ose prospekti thirret në ato;
в) консолидирани ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за последните три години;/ raporte të konsoliduara të reviduara financiare me mendim të një revizori të pavarur për tre vitet e fundit
г) документи за гарантот. / dokumente për garantuesin.

Изјавуваме дека за време на важноста на овој Проспект следниве документи, односно копии од истите ќе бидат достапни за увид:

- Ревидирани консолидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за последните три години (2023 година - Прилог бр.1, 2024 година - Прилог бр.2 и 2025 година – Прилог бр.3);
- Пречистен текст на Статутот на издавачот (Прилог бр.4).

27.2 Податок за местото каде може да се изврши увид во документите. / E dhënë për vendin ku mund të zbatohet pikëqasje në dokumentet.

Увид во документите може да се изврши во просториите на друштвото како и во просториите на овластените правни лица - членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и членки на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје (наведени во точка 24.3.1 од овој Проспект), преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и уплатат акции од јавната понуда.

ЗА ТЕ-ТО АД СКОПЈЕ

Членови на Управниот одбор на ТЕ-ТО АД Скопје:

Димитар Кочовски – Генерален директор и Претседател на Управен одбор

Dimitar Kochovski
Digitally signed by Dimitar Kochovski
Date: 2026.09.27 09:37:46 GMT

Шнахов Вјачеслав - Член на Управен одбор

Viacheslav Krimovich Shnakhov
Digitally signed by Viacheslav Krimovich Shnakhov
Date: 2026.09.27 09:38:55 GMT

Говоров Артем - Член на Управен одбор

Artem Anatolevich Govorov
Digitally signed by Artem Anatolevich Govorov
Date: 2026.09.27 09:56:35 GMT

Татиана Затсепина - Член на Управен одбор

Tatiana Zatsepina
Digitally signed by Tatiana Zatsepina
Date: 2026.09.27 10:07:45 GMT

Членови на Надзорниот одбор на ТЕ-ТО АД Скопје:

Вадим Владимирович Околухин - Претседател на Надзорен одбор

Vadim Okolukhin

Digitally signed by Vadim Okolukhin
Date: 2026.09.27 10:23:08 GMT

Викториа Хенкелманн - Независен член на Надзорен одбор

Viktoria Henkelmann

Digitally signed by Viktoria Henkelmann
Date: 2026.09.27 14:59:23 GMT

Таулан Батчаев- Член на Надзорен одбор

Taulan Batchaev

Digitally signed by Taulan Batchaev
Date: 2026.09.27 17:46:21 GMT